КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# ЕВАЛУАЦИЈА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР СУДЕЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВО СУДСКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

СКОПЈЕ, 2021


НОРДИСКА ПОДДРШКА ЗА НАПРЕДОК НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | SEKRETARIATI PËR ÇËSHTJE EVROPIANE

ROYAL NORWEGIAN EMBASSY Belgrade

Шведска Sverige

UNOPS Спроведување на програмата

# ЕВАЛУАЦИЈА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ФЕР СУДЕЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВО СУДСКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Скопје, 2021

**Издавач:**
Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје

**За издавачот:**
Натали Петровска - извршна директорка на Коалицијата Сите за правично судење

**Уредник:**
Натали Петровска

**Автори:**
Натали Петровска – Коалиција Сите за правично судење
Дарко Аврамовски – Коалиција Сите за правично судење

**Проектен тим:**
Лејла Тутиќ – проектен координатор
Фросина Петкоска – проектен асистент

**Набљудувачи:**
Јулија Наумовска, Горан Сачевски, Блаже Ајтов,
Филип Николоски, Бојана Мојсовска Иванова

**Дизајн и печатење:**
Графохартија

*CIP - Каталогизација во публикација*
*Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје*

*343.54/.55:343.1]:005.584.1(497.7)(047.31)*

*ПЕТРОВСКА, Натали*
*Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети од областа на семејно насилство / [автори Натали Петровска, Дарко Аврамовски]. - Скопје : Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење", 2021. - 52 стр. : граф. прикази ; 25 см*

*Фусноти кон текстот*

*ISBN 978-608-4552-49-9*

*1. Аврамовски, Дарко [автор]*
*а) Семејно насилство -- Судска постапка -- Мониторинг -- Македонија -- Истражувања*

*COBISS.MK-ID 53012997*

Изготвувањето на финалната анализа беше поддржано од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida) преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија“ имплементиран од Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (УНОПС). Содржината на финалната анализа е единствена одговорност на Коалиција Сите за правично судење и во никој случај не може да се смета дека ги рефлектира ставовите на Sida, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Северна Македонија и УНОПС.

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 1

ВОВЕД ..... 3

МЕТОДОЛОГИЈА ..... 5

ДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ..... 8

ВИДОВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ..... 9

ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ..... 11

СОЦИЈАЛНИ И ДЕМОГРАФСКИ РИЗИК ФАКТОРИ ..... 13

ЗАКОНСКА РАМКА ВО РСМ ..... 17

ОБЕМ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НИЗ ПОДАТОЦИ ОД ИНСТИТУЦИИ ..... 21

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО СУДСКАТА ПОСТАПКА ..... 26

ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ..... 30

МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ..... 35

ПОУКИ ЗА ПРАВАТА ..... 37

ДОКАЗНА ПОСТАПКА ..... 39

ПРАВО НА ОДБРАНА И НЕПРИСТРАСНОСТ НА СУДОТ ..... 42

ПРЕСУДА ..... 46

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 48

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Коалицијата Сите за правично судење е мрежа на 13 граѓански организации формирана со основна мисија да ги набљудува судските процеси во државата, а со цел да го зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови, да ги идентификува наследените проблеми во судскиот систем и да укаже на потребата за правна и институционална реформа, да ја запознае јавноста со стандардите за правично судење и да ја засили довербата на граѓаните во правниот систем и судството воопшто, како и да ги намали можностите за несоодветен третман на страните во спорот од страна на судиите и другите учесници во постапката.

Низ своето 17 годишно постоење, Коалицијата разви посебни тематски типови на мониторинг, со цел да се истражат посебните специфики на определени судски постапки или гранки од правото, меѓу кои како најзначајни се издвојуваат тематскиот мониторинг над кривичните постапки поврзани со организиран криминал и корупција, случаите поврзани со семејно и родово базирано насилство, трговија со луѓе, како и парнични постапки поврзани со работните односи, облигационите односи и сл. Оваа година, Коалицијата продолжи со мониторингот на судските постапки од областа на семејното насилство, со нова и унапредена методологија за следење на предметите која во себе инкорпорира повеќе различни пристапи, комплементарни на судскиот мониторинг, како и унапредена методологија за прибирање на податоци со соодветно модификувани индикатори врз основа на минатогодишните искуства во спроведување на вакви активности.

Сепак, оваа година беше обележана со посебни предизвици настанати како последица на пандемијата на КОВИД- 19 и мерките за спречување на инфекција со вирусот кои неминовно вклучуваа физичка изолација, па дури и воведување на вонредна состојба и полициски час. Ваквата состојба наметна посебни пречки и ризици за жртвите на семејно насилство, поради што постоеја разни предупредувања за зголемување на бројот на случаи на семејно насилство во време на пандемијата и апели до државите да преземаат соодветни мерки за превенција, детектирање и заштита на жртвите од семејно насилство[1]. Од друга страна пак, ваквите мерки и пандемијата со КОВИД- 19, исто така имаа посебно влијание врз работењето на судовите и државните органи, кои во овој период се соочија со намален капацитет на работење поради мерките за самоизолација, како и бројот на инфицирани службеници, а воедно се соочија и со материјални и технички предизвици од аспект на обезбедување на сите предвидени мерки во протоколите и препораките за заштита од КОВИД- 19[2]. Конечно, ваквата ситуација влијаеше и врз работењето на граѓанскиот сектор, поради што граѓанските организации мораа да се соочат со нови и уникатни препреки, како и да бидат упорни и креативни во наоѓањето на нови и ефикасни решенија за непречено одвивање на своето секојдневно работење и спроведување на теренските активности.

Во насока на тоа, Коалицијата Сите за правично судење би сакала да ја упати својата срдечна благодарност до:

[1] http://www.emro.who.int/violence-injuries-disabilities/violence-news/levels-of-domestic-violence-increase-as-covid-19-pandemic-escalates.html

[2] https://www.osce.org/blog/covid-19-domestic-violence-and-law-enforcement

- Основните судови (Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Битола, Основен суд Прилеп, Основен суд Охрид, Основен суд Гостивар, Основен суд Куманово, Основен суд Штип и Основен суд Струмица) кои учествуваа во ова истражување и овозможија навремен пристап до информации и непречено присуство на набљудувачите во судниците, воедно овозможувајќи соодветни мерки на заштита од КОВИД- 19;
- Претставниците на надлежните институции (Основно јавно обвинителство Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Народен правобранител,Министерство за внатрешни работи, ЈУ МЦСР Скопје и адвокати) кои учествуваа на фокус групите и го дадоа својот придонес, искуство и ставови во однос на темата и прибраните податоци од набљудувањето;
- Претставниците на граѓанските организации (Кризен Центар „Надеж“, Македонско здружение на млади правници, Здружение за заштита на правата на детето, Здружение на еднородителски семејства „Една може!“, Глас против насилство, Отворена порта - Ла страда, Хера- асоцијација за здравствена едукација и истражување, Хелсиншки комитет за човекови права, Едукативно-хуманитарна организација - ЕХО, Мултикултура и Прва детска амбасада во светот- Меѓаши) кои ги споделија податоците со кои истите располагаат, а се од значење за истражување на семејното насилство, како и кои учествуваа на фокус групите каде ги презентираа наодите и искуствата од нивните подрачја на работење, пред сé пружањето поддршка на жртвите на семејно насилство, особено на ранливите категории;
- Меѓународната заедница и донаторите во земјата кои активно ги поддржуваа граѓанските организации во своето работење во вонредни околности и преземаа дополнителни чекори и активности за обезбедување на непречено функционирање на граѓанскиот сектор, но и надлежните државни органи и тела.

# ВОВЕД

Семејното насилство претставува специфично кривично- правно подрачје од повеќе аспекти, бидејќи како такво истото со себе носи исклучително деликатна и уникатна врска, како и взаемна позиционираност на жртвата и сторителот, која не ретко е придружена и со економска зависност на жртвата и сторителот еден од друг, заедничко живеалиште, заеднички родителски права итн., што несомнено бара брз, одлучен и соодветен одговор од државните органи. Од друга страна, причините за појава на семејното насилство не се соодветно познати, а доколку се земат предвид повеќето истражувања и расположливи податоци, не постојат ниту соодветни категории на лица, во смисла на социјална, економска, етничка, религиозна или било која друга категоризација, кои доминантно се јавуваат како жртви или сторители на семејно насилство, што значи дека истото може да се јави во било кое семејство и во било кое општество. За разлика од останатите видови на криминал каде мотивите за сторување на кривичното дело се очигледни или можат релативно лесно да бидат откриени, кај семејното насилство не постои експлицитен и јасен мотив или повод за сторување на насилството, што укажува на тоа дека истото може да биде сторено во било кое време и помеѓу било кои членови на семејството. Ваквата поцизионираност неминовно ги отежнува обидите на државите и надлежните органи да преземаат соодветни активности за превенција, едукација и покренување на свеста на граѓаните, како и за навремено неутрализирање на ризик факторите за појава на семејно насилство.

Од друга страна пак, единствената очигледна карактеристика по која може да се направи определена генерализација е дека жените е многу поверојатно да бидат жртви на семејно насилство. Доколку се земат превид постоечките стереотипни сфаќања за улогата на жената во семејството и нивото на полова еднаквост во општеството, жените жртви на семејно насилство можат да се соочат со разни препреки и недостиг на поддршка во обидите да се заштитат себе си или да покренат постапка против сторителот на насилството, како од државните органи, така и од сопственото семејство и блиското опкружување. Во таа насока, семејното насилство е една од најзастапените форми на насилство врз жените поради што истото претставува сериозна пречка за постигнување на еднаквост и спречување на дискриминацијата врз жените.[3] Нештата се уште посериозни доколку се земе предвид дека семејното насилство особено диспропорционално повеќе ги погодува ранливите категории на лица, како социјално загрозените лица, лицата со попреченост, старите и изнемоштени лица, како и децата. Овие лица имаат далеку помалку механизми на располагање за да се заштитат себе си, или пак да покренат постапка за заштита на своите права доколку немаат соодветна поддршка, а дополнително што и самите ефекти од чинот на насилство имаат посилно влијание врз благосостојбата и правата на овие лица. Понатаму, имајќи ја предвид специфичната положба на жртвата и сторителот, како и самото опкружување во семејството и зависноста на децата од родителите, семејното насилство речиси без исклучок има директен или индиректен ефект кон здравјето, благосостојбата и правата на децата во семејството, независно дали истите се јавуваат како жртви или сведоци на насилството. Покрај ова, доколку се земе предвид непредвидливоста на тоа кога и кој може да биде жртва или сторител на семејно насилство, мажите можат да се јават како жртви на семејно насилство во мал, но не и

[3] Council of Europe, Gender Equality Strategy 2014-2017, Strasbourg 2014

незначителен процент на случаи, што може да предизвика неискуство на надлежните во справувањето со мажи жртви, но и одредени предрасуди и дискриминација кон мажите жртви. Според ова, семејното насилство, не само што не е ограничено на определени слоеви во општеството, ниту е ограничено со фактори како образованието, или целосното претходно поведение на сторителот или жртвата, и не само што има ефект врз директната жртва, туку истото има и генерален ефект врз целото семејство, но и врз севкупното општество, нарушувајќи ја еднаквоста и редуцирајќи ги еднаквите можности и права на сите граѓани во едно општество. На овој начин, семејното насилство придонесува кон дисфункционалност на односите во семејството, поттикнувајќи понатамошно криминогено однесување, како и дискриминацијата и нееднаквост на граѓаните што води до уназадување на повеќе аспекти од општественото живеење и напредокот на една држава.

Токму поради сериозноста на семејното насилство и ефектите врз целото општество, како и поради тоа што овој тип на насилство се јавува во семејството кое е најприватната заедница, истото претставува и посебен предизвик од аспект на државниот ангажман за превенција, сузбивање и репресија на семејното насилство. Ваквата ситуација се должи на деликатниот судир на приватноста на индивидуата, приватноста на семејниот живот и потребата од ограничување на државната интервенција во таа сфера од општественото живеење, со потребата од активна заштита на добробитието и функционалноста на семејствата во општеството и нивна заштита од било какви акти на насилство, репресија и понижување. Имајќи предвид дека семејното насилство е релативно нова категорија на кривичното право, особено во правниот систем на Северна Македонија, истото претставува предизвик и од самото практично постапување на надлежните органи, нивната меѓусебна координација и постапување со инволвираните субјекти. Така, државите се должни да преземат посебни мерки за заштита на жртвите од семејно насилство, како би обезбедиле соодветна рехабилитација и нивна реинтеграција во општеството, а притоа да постапуваат со должно внимание почитувајќи ги правата на осомниченото или обвинето лице и водејќи сметка за успешно казнување, ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на семејно насилство со цел да се обезбеди генерална и специјална превенција.

Препознавајќи го семејното насилство како специфичен облик на криминалитет, како и препознавајќи ги обидите и напорите на меѓународната заедница, како и на надлежните домашни органи и тела, Коалицијата Сите за правично судење започна со мониторинг на судски постапки од областа на семејното насилство. Согласно специфичната мисија и цели на Коалицијата, како и согласно специфичното поле на оперативно работење и искуство кое организацијата го има со мониторинг на судски постапки, беше креиран посебен тематски пристап за истражување на постапувањето на судовите и истражните органи во случаите на семејно и родово базирано насилство, како и криминалот од омраза. Прибраните и обработени податоци можат да послужат за евалуација на перформансот на обвинителите, судиите и бранителите во овие случаи, а дополнително што овие податоци можат да се вкрстат со податоците кои ги прибираше, обработуваше и анализираше Коалицијата во изминатите неколку години и на тој начин да се споредат постапувањата на судовите и учесниците во постапките, како и начинот на одвивање на постапките во случаите поврзани со семејно насилство и другите тематски или системски подрачја на мониторинг. На овој начин може да се добие генерална слика за кривично- правниот одговор на семејното насилство, кој претставува битен дел од сузбивањето на

насилството и генералната и специјалната превенција. Така, прибраните податоци обработени во оваа анализа можат да послужат за детектирање на т.н. „тесни грла" во постапката, односно лоцирање на определени проблематични подрачја или позитивни одредби кои во пракса не можат да бидат соодветно имплементирани, но и да открие и посочи добри практики на постапување. Овие податоци пред сé се однесуваат на практичната имплементација на одредбите на Законот за кривичната постапка, Европската конвенција за човековите права и нејзините толкувања од Европски суд за човекови права, а во насока на имплементација на меѓународно прифатените стандарди за заштита на жртвите од семејно и родово базирано насилство, како и стандардите за фер и правично судење и процедурални гаранции на обвинетите лица. Конечно, следејќи го овој пристап, можат да се понудат препораки за унапредување, или да се дадат генерални насоки за подлабински истражувања со цел поставување на соодветна дијагностика за откривање на причините зад детектираните проблеми и потешкотии во кривичните постапки од областа на семејното насилство.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата ги презентира наодите од квалитативното и квантитативното истражување на Коалицијата „Сите за правично судење" во поглед на гонењето и процесуирањето на семејното насилство како инкриминирачко дејствие во Северна Македонија. Истражувањето се спроведе во периодот од февруари 2020 до ноември 2020г., а за потребите на истото беше:

- спроведен судски мониторинг на 81 предмет односно 131 рочиште во предмети од областа на семејното насилство во основните судови во РСМ;
- спроведен увид и анализа на 60 правосилно завршени судски предмети од областа на семејното насилство, а евидентирани во Основниот кривичен суд Скопје;
- организирани две фокус групи со претставници на граѓански организации кои работат во областа на заштита од семејно насилство, како и претставници од институции- судии, јавни обвинители, претставници на МВР, ЦСР и адвокати, за нивните ставови и искуства за тематското подрачје на истражување;
- прибирање и обработка на јавно достапни податоци и податоци од државни институции кои евидентираат состојби и индикатори кои упатуваат на феноменологијата и застапеноста на семејното насилство во РСМ.

Методологијата која ја користеше Коалицијата за потребите на ова истражување се состоеше од специфично утврдено „теренско" истражување во кое се користеа неколку методи на непосредна опсервација, како што се: мониторинг на судските постапки за време на нивното одржување од страна на специјализирани набљудувачи кои не беа директни учесници во расправите; и анализа на правосилно завршени судски предмети пред Основниот кривичен суд Скопје, преку процес на непосреден увид во предметите, за кои потреби беа изготвени специјални тематски систематизирани прашалници со посебен сет на индикатори, во кои по извршениот мониторинг или увид од набљудувачите беа внесувани забележаните податоци. Ваквиот пристап беше надополнет со посредно истражување, односно „деск" истражување, во кое се обработува секундарни извори на податоци прибрани од надлежните институции или пак веќе спроведени поврзани истражувања, како и

организирањето на една фокус група со претставници на граѓанскиот сектор кои работат на полето на превенција и сузбивање на семејното насилство, или помош на жртви од семејно насилство и една фокус група со претставници на надлежни институции и органи, како МВР; ЦСР; јавни обвинители, судии и адвокати.

Физичкото присуство на набљудувачи на Коалицијата во судниците беше изразено во 7 основни судови во сите 4 апелациони подрачја, додека пак фокусот од процесот на спроведување на увиди беше ставен на Основниот кривичен суд во Скопје. За таа цел, беа ангажирани 5 професионални набљудувачи, правници со повеќегодишно искуство кои располагаат со подетални познавања на кривично-правната материја. За потребите на истражувањето, беа спроведени две обуки за набљудувачите, по што истите беа распределени и присуствуваа во судниците во својство на јавност, односно спроведоа увид во правосилно завршени судски предмети. Набљудувачите се водеа од начелата на објективност и немешање во постапките, а истите беа обврзани и со начелото на доверливост, како би се обезбедила заштита на личните податоци на учесниците во постапките, како и правичноста на постапките. Процесот на селекција на предметите кои беа опфатени со истражувањето, беше насочен на предмети од областа на семејното насилство и криминалот од омраза, а во насока на евалуација на ефектите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) врз судската пракса, чија ратификација повлече и измени и дополнувања на Кривичниот законик во насока на продлабочување на дефинициите за семејното насилство и криминалот од омраза, како и воведување на криминалот од омраза како квалификаторен облик на неколку кривични дела, на речиси идентичен начин како што е инкриминирано семејното насилство. Сепак, и покрај тоа што овие измени беа направени во декември 2018 година, во праксата кривичните дела поврзани со криминал од омраза се речиси исклучок, па така оваа година во мониторинг периодот имаше само 3 активни предмети од областа на криминалот од омраза. Токму поради вака малиот примерок на предмети од областа на криминалот од омраза е невозможно да се изведе соодветен заклучок, па така, оваа анализа е фокусирана на предметите од областа на семејното насилство.

Имајќи го предвид малиот обем на активни, па дури и правосилно завршени предмети во судовите, во рамки на ова истражување беа следени сите активни предмети од областа на семејното насилство во основните судови, а исто така беше спроведен увид на сите правосилно завршени предмети пред Основниот кривичен суд во Скопје во изминатите 5 години. Основниот кривичен суд Скопје беше избран како суд со најголем обем на работа, вклучително и најголем број на заведени предмети од областа на семејното насилство, како и имајќи ги предвид логистичките предизвици во периодот кога се одвиваше ова истражување и посебните мерки за заштита од КОВИД- 19, а секако и веќе воспоставената долгогодишна соработка и комуникација која Коалицијата ја има со овој суд.

За потребите на истражувањето, беше изготвен посебен, систематизиран прашалник во кој набљудувачите ги внесуваа прибраните податоци, а кој содржеше дополнителни индикатори за конкретни детектирани состојби, со цел да се изврши нивно подлабинско истражување. Прашалниците се состоеја од прашања со кои требаше да се утврдат социјални и демографски фактори, како и прашања кои се однесуваат на текот на главната расправа и соодветно го следат текот на постапката пред судот,

а акцентот беше ставен на неколку институти карактеристични за преминот од инквизиторната во акузаторната кривична постапка, но и за профилирање на сторителите на овој вид на кривични дела. Прашањата беа концепирани на начин што овозможуваа да бидат опфатени квалитативни и квантитативни индикатори за степенот на примена на ЗКП, но и на меѓународно ратификуваните документи кои го регулираат правото на фер судење. Затворените прашања кои нудат два или повеќе одговори се доминантен дел од прашалникот и истите овозможуваат посоодветна машинска и статистичка обработка на одредени трендови забележани како проблематични или позитивни при примената на процесниот закон. Овие прашања се надополнети со неколку отворени прашања, каде набљудувачите можеа наративно да појаснат одредени одговори, да дадат свое видување, како и да нотираат факти за кои не е предвидено посебно прашање во прашалникот. На овој начин се овозможи да бидат опфатени повеќе квалитативни индикатори за постапката, така што податоците кои се добиваат од страна на набљудувачите даваат јасна, непосредна, објективна и транспарентна слика за кривичниот предмет или расправа кои се предмет на мониторинг. По прибирањето на овие податоци, истите беа внесени во компјутерска база на податоци, а подоцна беа предмет на анализа и обработка, со цел да бидат изведени конкретни заклучоци за состојбите во периодот на мониторинг.

Сепак, користената методологија има свои ограничувања, па така истата го истражува семејното насилство само од аспект на кривично правниот прогон, односно на постапувањето на судовите и одвивањето на судската постапка. Во овој контекст, со оваа анализа постапувањето на јавните обвинители, полицијата, како и ЦСР е само посредно, односно ова постапување се оценува исклучиво од аспект на ефектот кој го има врз судската постапка. Дополнително, со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство предвидува повеќе мерки на претпазливост, како и зголемена надлежност во постапувањето на ЦСР и МВР во поглед на предлагањето и контролата над спроведувањето на изречените привремени мерки на претпазливост, но овие мерки се предлагаат и изрекуваат согласно Законот за парничната постапка, односно во граѓанските оддели на судовите, кои не беа предмет на набљудување, па така предлагањето и изрекувањето на овие мерки беше оценувано само преку кривичните предмети кои подлежеа на мониторинг и евалуација. Согласно ова, оваа анализа не може да понуди генерален преглед на целокупниот државен одговор и напори во спречувањето и сузбивањето на овој тип на криминалитет, изоставајќи ги во голема мера превентивните активности и активностите насочени кон подигнување на свеста, едукација на граѓаните, но и надлежните службеници, како и активностите за соодветно детектирање на случаите на семејно насилство, „темната бројка“ на овој тип на криминалитет, и активностите насочени кон извршување на судските одлуки и ресоцијализација и реинтеграција на жртвите и сторителите на семејно насилство. Дополнително, бројот на активни и правосилно завршени предмети од областа на семејното насилство е исклучително мал, па така примерокот врз основа на кој е направена оваа анализа не е доволен за да можат да се изведат прецизни индуктивни заклучоци.

# ДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Најопштата дефиниција со која се дефинира семејното насилство како феномен би претставувало било каков акт кој е штетен за жртвата. Оттука, оваа дефиниција ги опфаќа физичките напади, заканите за физички напад, психолошка или емоционална агресија и злоупотреба, сексуален напад или закана за сексуален напад и несовесно однесување[4]. Додека пак Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, позната како Истанбулската конвенција, како „семејно насилство" ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не[5].

Во домашната регулатива, феноменот на „семејно насилство" е дефиниран во Кривичниот законик, Законот за семејство (чии одредби во поглед на дефинирањето престануваат да важат со влегување во сила на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство), како и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Кривичниот законик како семејно насилство утврдува малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи[6]. Додека пак истиот, под термниот „семејство" подразбира брачен другар, вонбрачен другар, деца, родители, браќа и сестри и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница[7]. Законот за семејство, дефиницијата дадена во КЗ ја проширува односно ја допрецизира со тоа што ги вклучува и односите кои настануваат со посвојувањето и старателството, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена[8]. Истиот, под блиски лични односи подразбира лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница[9]. Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, пак како дефиниција за семејно насилство ја прифаќа општо прифатената дефиниција во претходните закони, со тоа што дополнително го воведува и економското насилство во одредбата со која го дефинира, како и заканите за претходно наведените дејствија, со тоа што ја прецизира и околноста дека за истото да настане не е важно дали сторителот го дели или делел истото живеалиште со жртвата[10].

---

[4] Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.

[5] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011 чл.36

[6] Кривичен законик на РСМ член 122 став 1 точка 21

[7] Кривичен законик на РСМ член 122 став 1 точка 25

[8] Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија "бр.80/1992; 9/1996; 38/2004; 33/2006; 84/2008; 67/2010; 156/2010; 39/2012 и 44/2012).

[9] Закон за семејство член 94-б

[10] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Член 3

# ВИДОВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Семејното насилство како концепт, во првичните обиди за дефинирање е детерминирано исклучиво како физичко насилство врз жените извршено од страна на нивните брачни или вонбрачни партнери. Но, со текот на развојот во општествено-социјална смисла, дефинирањето на истото е проширено со опфаќање на повеќе различни категории освен физичкиот интегритет. Така, дополнително е опфатена сексуалната злоупотреба, силување во рамки на брачната заедница, како и акти на психолошко и емоционално насилство, па дури и согласно некои гледишта и присилната контрола врз жените од страна на нивните партнери[11]. Врз основа на ова, теоријата ги издвојува физичкото, сексуалното и психичкото насилство како основни и најзастапени видови на насилство, а како дополнителни видови кои се опфатени во рамки на психичкото насилство се дефинираат емоционалното и економското насилство.

Како акти на физичко насилство, теоријата препознава: удар на телото на жртвата односно физички напад на истото, во било кој предел од телото, без оглед дали станува збор за удар со примена на некој предмет кој насилникот го користи или пак лично тој, со дел од своето тело го нанесува ударот; силување, како и употреба на сила и присилување на жртвата на сексуален однос; употреба на оружје, без оглед дали истото само се чува и на тој начин се заплашува жртвата или пак истото се користи непосредно за да се контролира или пак заплашува жртвата; употреба на предмети за загрозување на физичкиот интегритет на жртвата (фрлање и кршење на истите); уништување на предмети и покуќнина или пак лични предмети на жртвата и сл.

Како најтешка форма на семејно насилство и воопшто насилство врз жени, кој може да биде директна последица на домашно или интимно партнерско насилство е фемицидот. Терминот фемицид означува намерно убиство на жена само затоа што е жена. Пошироките дефиниции ги вклучуваат сите убиства на жени, девојки или девојчиња. Иако во најголем дел од случаите фемицидите ги вршат сегашни или поранешни партнери, тие може да се случат и од страна на член на семејството. Оваа форма на насилство е идентификувана како водечка причина за прерана смрт кај жените. Се работи за најекстремната манифестација на насилство врз жените, но и покрај тоа, сепак за нив постојат ограничени податоци. Во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се регистрира и води како и секое друго убиство. Отежнувачка околност при судските процеси и постапки е постоењето на семејно или интимно партнерско насилство кое му претходело на убиството[12].

**Психичкото/емоционално насилство** претставува секое дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и интегритетот на жртвата[13], а својата манифестација ја има преку: „контрола врз жената, контрола на нејзиното движење,

---

[11] Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998

[12] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Форми на насилство врз жени, достапно на https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/formi-na-nasilstvo-vrz-zheni/

[13] Чл.4 ст.1 т.6 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

контрола врз нејзините персонални контакти и севкупна контрола врз семејниот буџет, изолација, забрана за контакти со фамилијата, забрана да работи надвор од дома, љубомора или посесивност, однесувања кои предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената, вербално агресивно однесување (нарекување со погрдни зборови), однесувања кои се понижувачки за жената, целосна послушност од жената“[14].

**Економското насилство** е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата[15] , при тоа без оглед за која намена станува збор и на кој начин.

**Сексуално насилство** е секое дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност[16] и истото е комплементарен облик на физичкото насилство и истото е дефинирано како вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа, со кој било телесен дел или предмет во телото на друго лице без негова согласност. Тоа вклучува и други акти од сексуална природа со лице, без согласност, како и наведување друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице, исто без негова согласност[17].

Во нашиот Кривичен законик, семејното насилство не е предвидено како посебна категорија на кривично дело, туку истото претставува квалификаторен облик на веќе предвидените кривични дела, па оттука и неговата инкриминација и санкционирање е предвидена во постоечката регулатива. Физичкото насилство на пример се санкционира со кривичните дела чиј објект на заштита се животот и телото, психолошкото насилство се санкционира со кривичните дела кои се однесуваат на слободите и правата на човекот, додека пак сексуалното насилство се санкционира со кривичните дела предвидени против половата слобода и половиот морал. Физичките облици на семејно насилство се инкриминирани со кривичните дела „Убиство[18]“, Убиство на миг[19]“, Телесна повреда[20]“ и „Тешка телесна повреда[21]“. Психолошките облици на семејното насилство се инкриминирани со следниве кривични дела: „Присилба[22]“, „Противправно лишување од слобода[23]“ и „Загрозување на сигурноста[24]“. Додека пак формите на сексуално семејно насилство се инкриминирани со кривичните дела: „Обљуба со

[14] Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ, „Семејно насилство“-извештај од спроведено теренско истражување, Скопје 2000
[15] Чл.4 ст.1 т.9 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
[16] Чл.4 ст.1 т.8 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
[17] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Форми на насилство врз жени, достапно на https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/formi-na-nasilstvo-vrz-zheni/
[18] Кривичен законик на РСМ, чл.123 ст.2 т.2
[19] Кривичен законик на РСМ, чл.125
[20] Кривичен законик на РСМ, чл.130 ст.2
[21] Кривичен законик на РСМ, чл.131 ст.2
[22] Кривичен законик на РСМ, чл.139 ст.2
[23] Кривичен законик на РСМ, чл.140 ст.2
[24] Кривичен законик на РСМ, чл.144 ст.2

злоупотреба на положбата[25]“ и „Посредување во вршење проституција[26]“, но не и со „Силување[27]“, „Обљуба врз немоќно лице[28]“, „Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години[29]“, кои идентично, законодавецот би требало да ги препознае и под квалификаторниот облик- при вршење на семејно насилство.

# ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

***Семејно насилство помеѓу интимни партнери*** ги опфаќа категориите на насилство помеѓу партнерите во некоја блиска релација, при тоа, истото не е нужно поврзано со фактичкото постоење на брачната заедница. Овој облик на семејно насилство предвидува насилство сторено помеѓу партнери, сопружници, лица во блиски односи, но и помеѓу лица кои во минатото биле во некаков вид на брачна, вонбрачна заедница или пак во блиски односи, однсно поранешни партнери. Во овој облик на насилство, во доминантна мера во нашата држава се застапени жртви кои се жени, иако во мал процент евидентирани се и случаи на жртви мажи.

***Семејно насилство врз деца*** во литературата е дефинирано како психичко и физичко, но истото не ги исклучува останатите видови кои се дефинирани во истражувања од оваа област. „Постојат шест главни типови на злоупотреба или негрижа за дете: Физичка злопотреба: акти на сторување што резултираат во физичка повреда вклучувајќи смрт на детето. Сексуална злоупотреба: акти на сторување вклучувајќи пенетрирање, малтретирање со генитален контакт или други форми на сексуални акти при кои сторителот користи деца за да обезбеди сексуално задоволство. Емоционална злоупотреба: акти на сторување кои вклучуваат затворање, вербална или емоционална злоупотреба или други видови на злоупотреба, како на пример, оневозможување на спиење, храна или засолниште. Физичко занемарување: акти на пропуштање што вклучуваат непружање здравствена заштита, задоцнета здравствена заштита, напуштање, протерување на детето од домот, неадекватен надзор, негрижа за исхрана и облекување, како и видлива негрижа за детето од опасности. Образовно занемарување: акти на сторување и на пропуштање што вклучуваат дозволување на постојано талкање, незапишување на детето во училиште и неводење сметка за специфичните образовни потреби на детето. Емоционално занемарување: акти на пропуштање што вклучуваат неводење грижа за воспитувањето и афекционалните потреби на детето, изложување на детето на постојани и сериозни злоупотреби, дозволување на детето да користи алкохол или други супстанци, неовозможување психолошка заштита или задоцнета психолошка нега и друго невнимание спрема потребите за развој на детето[30].“

[25] Кривичен законик на РСМ, чл.189
[26] Кривичен законик на РСМ, чл.191 ст.6
[27] Кривичен законик на РСМ, чл.186
[28] Кривичен законик на РСМ, чл.187
[29] Кривичен законик на РСМ, чл.188
[30] National Center on Child Abuse and Neglect, 1988 Study of National Incidence and Prevalence of Child Abuse and Neglect: 1986, Washington, D. C.: US Department of Health and Human Services cit. in Gelles, J. Richard “Family Violence” in “The Handbook of Crime and Punishment” ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998, стр.181.

Во првото спроведено истражување[31] во државава, а чија цел е да го истражи феноменот на насилство и злоупотреба на стари лица и да овозможи идентификација на преваленцата на семејно насилство и злоупотребата врз стари лица, да ги идентификува доминантните облици на насилство и злоупотреба на стари лица и да ги идентификува сторителите, констатирано е дека 34,6% од лицата на возраст над 65 години искусиле некаков облик на насилство, злоупотреба или запуштање.

Во истото е констатирано:

- „Најголем број од испитаниците искусиле еден вид на злоупотреба (59.02%), додека 24,78% од испитаниците искусиле 2 вида на злоупотреба, а 16,2% искусиле повеќе од 3 вида на злоупотреба;
- Психолошката злоупотреба е најзастапен облик на насилство, односно 25,73% од испитаниците изјавиле дека искусиле психолошка злоупотреба, 11,98% од испитаниците искусиле финансиска злоупотреба, додека 8,86% од испитаниците искусиле физичка злоупотреба и повредување. Запуштање е присутно кај 6,53% од испитаниците. Најмалку застапен облик на насилство е сексуалната злоупотреба (1,35%);
- Најчести сторители на насилство врз старите лица се партнерот или сопругот, синот и снаата. Зависно од видот на насилството, доминантна позиција на сторител имаат партнерот, синот или снаата. Најчест сторител на психолошко насилство е синот (29,55%), па потоа следи партнерот (25,51%) и снаата (22,62%). Физичкото насилство најчесто е извршено од партнерот (30,91%), снатa (23,64%) и синот (20.00%). Сторител на финансиско насилство во 47% е синот и партнерот во 10%. Доминантен сторител на сексуално насилство е партнерот или лице кое жртвата го познава“[32].
- Под ***други форми на насилство меѓу блиски лица***, се дефинираат форми на насилство кои најчесто се детектирани помеѓу браќа и сестри. Ова е можеби и најзанемарената форма имајќи предвид дека пријавувањето на овој облик на насилство е во скоро незначителен обем.

[31] Спроведено од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје во 2011 година, со поддршка на Светската здравствена организација

[32] Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје „Преваленца на злоупотребата на стари лица”, 2011 година

# СОЦИЈАЛНИ И ДЕМОГРАФСКИ РИЗИК ФАКТОРИ

Ризик факторите кои влијаат за една индивидуа да биде лице во ризик за сторување на кривични дела од областа на семејното насилство, за целите на оваа анлиза ќе ги разгледаме преку параметрите на пол, возраст, образование, националност и место на живеење.

Обработените податоци кои беа евидентирани од страна на набљудувачите на судските постапки низ основните судови во државава, упатуваат на фактот дека во доминантен дел, сторители на семејно насилство се мажи и тоа со застапеност од 82% во судските постапки, за разлика од лица од женски пол кои се застапени до 18%. Аналогно на ова се надоврзува и податокот дека жртви во постапките водени пред основните судови во државава, во скоро па идентичен процент се жени (87%), наспроти мажите кои се застапени со 13% (Графикон бр.1 и 2).




Графикон бр.1 - Пол на сторител




Графикон бр.2 - Пол на жртва

Меѓутоа, при обработка на податоците од спроведениот увид во правосилно завршени кривични предмети во периодот од 2015 до 2020г., а спроведен само во Основниот кривичен суд Скопје, податоците упатуваат дека на територијата на град Скопје, пропорционалната застапеност на половите во постапките како сторители на семејно насилство е 77% (мажи) наспроти 23% (жени). Идентично, и податоците кои се однесуваат на жртвите трпат варијација, па истите упатуваат на тоа дека жените како жртви на семејно насилство се застапени во 68% од предметите, додека мажите во 32%.

Најзастапената возраст во која лицата се јавуваат како сторители на семејно насилство според податоците, е возрасната граница од 31г. до 40г., а веднаш после неа доаѓаат возрасните граници од 18г. до 30г., но и над 60г. Оваа динамика на застапеност е до некаде присутна и кај жртвите, со тоа што отстапката се јавува кај возрасната граница над 60г. Во рамки на оваа граница бројот на жртви е незначително помал од сите останати категории на возраст. Оттука и заклучокот дека жени на возраст од 18г. до 40г. се најчестите жртви на семејно насилство.




Графикон бр.3




Графикон бр.4

Кога со овие податоци ќе ги споредиме со податоците добиени од спроведениот увид во предметите, доаѓаме до податок дека возрасната граница на сторителите не подлежни на варијациите прикажани во графичкиот приказ бр.3. Напротив, овој сет на податоци упатува на идентичен број на сторители застапени во трите возрасни групи 31-40,41-50 и 51-60, кои се во доминантен дел, а сосема минорен во групите до 30г. и над 60г. Додека пак податоците за жртвите на семејно насилство произлезени од увидите во предметите упатуваат дека сите возрасни категории на жртви, освен онаа до 30г., се идентично застапени.

Кога станува збор за факторот образование, видно од графичките прикази подолу, сторителите се застапени со 21% основно образование, 46% средно и 33% високо образование. Наспроти нив, жртвите имаат средно и високо образование и тоа, 56% средно, додека 44% високо образование. Отсуството на евидентирани жртви со основно образование во конкретиов случај и врз основа на вака поставените податоци би можело да се образложи со фактот дека поголемата едуцираност на индивидуите ја детерминира веројатноста од пријавување на актот на насилство и одлучност истото да се процесуира низ надлежните инстиституции. Меѓутоа, овие податоци се однесуваат само на предмети кои се водени во текот на 2020г. и опфаќаат 7 суда во државава. Предметите кои се правосилно завршени во периодот од 2015 до 2020г., а водени пред ОКС упатуваат на податокот дека како насилниците, така и жртвите се во категории на лица кои поседуваат од сите 3 категории на образование, со тоа што повторно, процентуалната застапеност кај лицата со средно образование е највисока. Веднаш после средното, кај насилниците е застапено основното образование со 16% и високото со 14%. Во поглед на жртвите, овој процент е малку поразличен. Доминантно најзастапена категорија се жртви со средно образование (65%), па со високо (23%), а потоа и со основно образование (12%).




Графикон бр.5




Графикон бр.6

Националност како ризик фактор за сторителите на семејно насилство во доминантен дел во поглед на останатите националности во државава е застапена кај Македонците, со 65%, а потоа и кај Албанците-20% и Ромите-15%. Во поглед на националната застапеност кај жртвите, трендовите од кај сторителите се пресликуваат кај истите, па оттука ги имаме скоро идентичните вредности на процентите како во Графичкиот приказ бр.7, така и во следниот-бр.8. Интересен е фактот што останатите припадници на националностите во државава, воопшто не се евидентирани во судските постапки кои беа предмет на мониторинг.




Графикон бр.7




Графикон бр.8

За разлика од овие податоци, оние кои беа прибрани од процесот на анализа и увид во правосилно завршените предмети во ОКС, упатуваат на уште подоминантна застапеност на македонската националност помеѓу сторителите и жртвите, овие проценти се движат до 83% кај сторителите и 88% кај жртвите, но и евидентирање во категоријата „друго" и други националности кои се застапени во државава. Ова само упатува на фактот дека феноменот на семејното насилство е распространет независно од различните култури на луѓето кои се неизбежно детерминирани и од националностите кои ги имаат.

Кога ќе се разгледа овој феномен низ призмата на демографскиот фактор-место на живеење, доаѓаме до констатација дека во предметите кои беа предмет на мониторинг, 78% од сторителите се евидентирани дека се жители на урбано подрачје, додека пак 22% во рурално (Графикон бр.9). Идентично, оваа динамика е пресликана и кај жртвите на семејно насилство (Графикон бр.10).При обработка пак на податоците од спроведениот увид во правосилно завршените предмети, доаѓаме до констатација дека оваа статистика е уште поизразена кога станува збор за средината од која доаѓаат како жртвите така и сторителите. Имено, соодносот на насилници и жртви кои доаѓаат од урбана и рурална средина е 85% спрема 15% односно 88% спроти 12% кога станува збор за жртвите. Ова само по себе, не би можело да се земе како апсолутна релевантност имајќи предвид дека жртвите во руралните средини не се охрабруваат толку често да пријавуваат случаи на семејно насилство, а уште помалку пак истите да завршат во судска постапка каде би се утврдил овој факт. Сепак традиционалните навики во нашето општество, а особено во помалите средини, имаат големо влијание во начинот на перцепирање на насилството, но во некој степен и на достапност на институциите за жртвите, особено центрите за социјални работи и полициските станици на Министерството за внатрешни работи.




Графикон бр.9




Графикон бр.10

Врз основа на вака обработените податоци, од следените судски постапки за 81 активен предмет во 2020г. на територијата на РСМ, можеме да извршиме еден вид на профилирање на сторителите и жртвите на семејно насилство кои се среќаваат во судските постапки. Имено, сторителот би го профилирале како македонски маж со средно образование, на возраст од 31 до 40г. кој живее во град односно урбана средина. Сличен профил би имала и жртвата, со тоа што минимална варијација би можела да се јави во поглед на степенот на образование односно истата да поседува високо образование. Ова, особено ако се земе предвид фактот дека соодносот на средното и високото образование евидентирано кај жртвите е 56% со 44%.

Оттука може да се констатира дека превентивните мерки за сузбивање на овој феномен мора да бидат флексибилни и приспособливи кон различните детерминанти кои се однесуваат на насилникот и жртвата, меѓу кои и видот на стореното насилство, профилот на насилникот, неговиот социо-економски и културолошки статус, но и профилот на жртвата, нејзините економски и останати можности кои би ѝ овозможиле и значително би придонеле кон надминување на состојбата и идната превенција. Санкциите за акти на семејно насилство треба да бидат пропорционални на извршените кривични дела, односно

со нив да се остваруваат правдата, специјалната и генералната превенција. Понатаму, треба да се преземат мерки за следење или надзор на осудените лица; лишување од родителски права, ако тоа е во најдобар интерес на детето, итн.[33]

## ЗАКОНСКА РАМКА ВО РСМ

Од осамостојувањето, Република Северна Македонија ратификуваше или наследи неколку меѓународни обврски за родова рамноправност, вклучително и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW, 1980) и нејзиниот Факултативен протокол. Неодамна беше ратификувана и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција), која стапи во сила во јули 2018 година.

Семејното насилство како феномен, за прв пат е инкриминирано во Кривичниот законик на Република Македонија од 2004г. Со воведување на оваа инкриминација, се напушти ставот дека семејното насилство е приватна работа, па истото почна да се перцепира не само како закана за поединечните жртви, туку и како закана за општеството во целина.

Закон кој во детали го уредува одговорното и должно постапување на институциите, како и нивната меѓусебна координација и соработка, заради превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување на заштита на жртвите е Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (ЗПСЗСН). Цел на истиот е да преземе мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. Истиот, како надлежни институции кои работат на ова поле и кои согласно закон се должни да остваруваат меѓусебна соработка и координација ги идентификува Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство. Додека пак надлежниот суд е мапиран како институција која во согласност со своите ингеренции изрекува привремени мерки за заштита на жртвите.

Овој закон предвидува итност при постапувањето на институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, внатрешните работи, здравството, детската заштита и образованието, како и надлежните судови во постапките за семејно насилство, а при тоа утврдува и дека истите се должни и со должно внимание на интересите и потребите на жртвата, а особено кога станува збор за жртвата-дете, возрасно лице, лице кое не е во состојба да се грижи за себе и лице со ограничена или одземена деловна способност. Но истовремено, предвидува и мерки за помош на жртвите, нивна поддршка и заштита од семејно насилство.

---

[33] Види: Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Istanbul, 11. V.2011. https://www.coe.int/fr/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/090000168008482e

Со оглед на специфичната позиција на жртвата и нејзино полесно справување во текот на постапките, законот предвидува обезбедување на лице кое истата ќе ја придружува во постапките. Придружникот е предвидено да и помага на жртвата во заштитата на нејзиниот интегритет во постапките пред службените лица и институциите, и помага да се најде решение за нејзиниот случај, но и обезбедува поддршка на истата.

Согласно овој закон, Центарот за социјална работа е предвидено да ги преземе следните мерки за заштита на жртвите: 1) сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство; 2) соодветна здравствена заштита; 3) соодветна психо - социјална интервенција и третман; 4) психо - социјален третман во советувалиште; 5) помош на семејството за редовно школување на дете; 6) правна помош и застапување, и 7) економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот. Но покрај ова, истиот е должен да започне постапка веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание дека над лице е сторено семејно насилство, по службена должност, по барање на жртвата, по пријава од физичко лице, службено лице, институција и здружение.

Чл.23 од ЗПСЗСН предвидува дека кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на жртвата и членовите на семејството, се изготвува безбедносен план за помош, од страна на мултисекторски стручен тим. Овој тим е составен од стручни лица, од центар за социјална работа, полиција и здравствена установа од подрачјето за кое е надлежен центарот, а во работата на истиот учествуваат претставници на здруженија, кои работат на полето на семејното насилство, кои можат да предлагаат и спроведуваат мерки и активности од безбедносниот план за помош на жртвата. Меѓутоа, при иницијалното постапување од надлежни лица како што се полициски службеници, секогаш кога има пријава за семејно насилство, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, истите се должни веднаш да излезат на лице место, да подготват извештај, како и да направат проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата и на ризикот од повторување на насилството, со цел за заштита на жртвата, преку соодветно управување со ризикот. Проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот се предвидени во Правилник[34], врз основа на кој се утврдува основот на видот и интензитетот на насилството, времетраењето и континуитетот на истото, здравствената и емоционална состојба на жртвата, дополнето со други лични согледувања во моментот на случувањето на насилството. Откако ќе бидат преземени дејствијата за проценка на ризикот и подготвен полицискиот извештај, од страна на полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи во случаи кога постои сериозна опасност по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и ризикот од повторување на насилството, до надлежниот суд се доставува предлог за изрекување на привремена мерка за заштита- отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот.

[34] Правилник за начинот на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот

Соодветно управување со ризикот се подразбира планирање и преземање на мерки и активности заради намалување на ризикот од повторување на насилството и предизвикување на штетни последици по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на членовите на нејзиното семејство. Полициските службеници врз основа на извршената проценка на ризикот соодветно управуваат со ризикот на начин што ги преземаат сите дејствија за кои имаат законски овластувања, со цел да не се повтори насилството[35]. Истото опфаќа: - оневозможување на сите форми на физички контакт и вербална комуникација меѓу жртвата и сторителот; - оддалечување на сторителот од предмети кои претставуваат потенцијална опасност за напад или самоповредување и - земање во предвид на ризикот од повторување на насилството и можните последици кои би настанале од повторување на насилството.[36]

Со цел насилството да запре, да се отстранат последиците од истото, како и да се преземат ефикасни мерки кон сторителите на насилство, заради елиминирање на причините за вршење на натамошно семејно насилството, на сторителот на семејното насилство, согласно Чл.35 од ЗСЗПСН може да му се изречат следниве привремени мерки за заштита:

1) забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;
3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;
4) отстранување од домот без оглед на сопственоста;
5) забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;
6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
7) задолжително законско издржување на семејството;
8) задолжително да посетува соодветно советувалиште;
9) задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;
10) задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и
11) изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

По приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, судот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување на привремена

[35] Член 9 од Правилникот за начинот на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот

[36] Член 10 од Правилник за начинот на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот

мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот. Додека пак истиот, по предлогот на жртвата или Центарот за социјална работа за изрекување на привремена мерка за заштита, ќе постапи веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето ќе донесе одлука. Итно постапување на судот, во рок од 24 часа е предвидено и без да се одржи рочиште, а кога има потреба за одлучување за неопходноста од изрекување на привремена мерка за заштита, во ситуации кога постои основано сомневање за сериозна опасност по животот и здравјето на жртвата или на член од семејството, врз основа на стручен наод и мислење на центарот за социјална работа.

# ОБЕМ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НИЗ ПОДАТОЦИ ОД ИНСТИТУЦИИ

Обем на криминалитетот, подразбира вкупен број на извршени кривични дела и други деликти, во определен период, на одредено подрачје.[37] Аналогно на ова, обем на семејно насилство би претставувало вкупен број на извршени кривични дела и други деликти на семејното насилство, во определено временски период и на определена територија. При тоа, не е од значење дали делата се пријавени или не, од причина што криминолошката теорија на овој начин го дефинира вистинскиот криминалитет.

Меѓутоа, во РСМ и покрај тоа што се среќаваме со состојба во која семејното насилство е широко распространето, според анализите на Мисијата на ОБСЕ, насилството врз жените е широко прифатено како нормално и истото не се пријавува. Речиси половина од жените сметаа дека домашното насилство е приватна работа, а три од десет сметаа дека жртвите ги преувеличуваат тврдењата за малтетирање или силување. Многу малку жени пријавиле насилство, заради срам, финансиски причини, недостаток на информации и недоверба кон достапните служби, страв и недоволно познавање на она што се смета за насилство.[38]

Податоците кои беа прибрани за потребите на ова истражување, а кои беа преземени од Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика, во дел се однесуваат на период од првиот квартал од годината, дел ја опфаќаат првата половина од годината и се со компаративен метод, споредени со оние од претходната година. Ова со цел да се докаже претпоставката за влијанието на глобалната КОВИД пандемија и ограничувањето на слободата на движење во државава врз зголемување на обемот на семејното насилство, а особено во периодот на прогласување на вонредната состојба во државата.[39]

Од податоците добиени од МТСП за првиот квартал од 2020г. нотирано е дека најзастапен вид на насилство е психолошкото насилство, при што, евидентирани се 214 случаи. Веднаш по него е физичкото, со евидентирани 186, економското-13 и сексуалното-2 случаи. Како сторители на истото евидентирани се 287 лица од кои 270 мажи и 17 жени. Бројот на нотирани жртви за овој квартал во МТСП е 329, од кои 238 жени, 57 мажи и 34 деца. Во месец мај 2020, оваа бројка на жртви се зголемува и истата изнесува 174, што претставува скоро половина од бројот на жртви од првиот квартал, додека пак во месец јуни, оваа бројка е уште повеќе порасната и изнесува 253 лица. Бројот на сторители за овие два месеца изнесува 162 за мај, односно 215 за јуни и повторно, истите во доминантен број се мажи (151 односно 200 лица).Во следниот квартал (јули-септември 2020г.) во МТСП евидентирани се вкупно 344 жртви на семејно насилство од страна на 30 центри за социјални работи, како и 291 сторител. Бројот на жртви пак, сместени во Центар на лица жртви на семејно насилство е 25. Додека

[37] Арнаудовски, (2007), Криминологија, стр. 244

[38] Благосостојбата и безбедноста на жените, Северна Македонија Извештај од резултатите,ОБСЕ 2019, издание достапно на https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf

[39] Вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија како последица од светската пандемија на коронавирусот КОВИД – 19, беше прогласена на 18 март 2020г. со Одлука на Претседателот на државата. Истата траеше во периодот од 18 март до 22 јуни 2020г.

вкупниот број на предложени мерки за заштита од страна на Центрите за социјални работи е 312, од кои само 214 се изречени од страна на судовите.Податоците кои беа обезбедени од МВР, а се во насока да се покажат трендови на евентуален пораст на пријавите на поплаки, кривични дела и прекршоци од областа на семејното насилство, упатуваат на зголемување од по 10, 18 па и 25 проценти, во зависност од категоријата. Имено, категоријата која бележи најголем пораст е категоријата „поплаки" за семејно насилство до МВР. Кога ќе се споредат податоците за периодот од јануари до јуни 2019г. со истиот временски период од оваа година, може да се забележи пораст од 25%. Конкретно, вкупниот број на поплаки евидентирани од МВР за 2020г. изнесува 1935, додека за идентичниот период во 2019, овој број изнесувал 1541. Евидентиран е драстичен пораст на поплаките на ниво на 4 града, и тоа: во Скопје од 216 за 2019г., на 305 за 2020г.; Велес од 157 за 2019г., на 303 за 2020г.; Охрид од 78 за 2019г. на 130 за 2020г.; и Штип од 289 за 2019г. на 385 за 2020г. За периодот пак од 01.07.2020г. до 30.2020г. овој број изнесува 1.306. Кога станува збор за прекршоци евидентирани од страна на МВР, податоците упатуваат на пораст од 10% за периодот од јануари-јуни 2020г. , во однос на истиот овој период во 2019г. Или, 251 прекршок нотиран во сите СВР на територијата на РСМ за период 01-06/2019г. наспроти 274 за период 01-06/2020г. За периодот пак од 01.07.2020г. до 30.2020г. овој број изнесува 175. Во поглед на сторените кривични дела за конкретниот споредбен период е евидентиран пораст од 18%, поточно: 207 кривични дела регистрирани за овој период во 2019г. наспроти 241 кривично дело регистрирано за идентичниот период во 2020г. Забележан е значителен пораст на кривичните дела од оваа област во 3 града- Скопје, Охрид и Тетово, од кои во последните два, бројот на кривични дела е практично дупло зголемен, а како жртви најчесто се јавуваат сопруги на сторителите и лица од категорија „останато". Додека пак за периодот од 01.07.2020г. до 30.2020г. овој број изнесува 361, што претставува значителен пораст во статистиката.

Како дел од методолошкиот пристап по кој се работеше оваа анализа, беа спроведени и две фокус групи, како со претставници од надлежни институции кои постапуваат во овие случаи- претставници на МВР, ЦСР, Народниот правобранител, обвинители, адвокати и судии, така и со претставници на граѓански организации кои работат на полето на заштита и превенција од семејно и родово базирано насилство. Целта на истите беше да се разменат податоци, искуства и да се истакнат предизвиците во справувањето со овој феномен, како и да се констатира евентуалната потреба од зголемено внимание на оваа појава, токму во време на глобалната пандемија. Дополнително, во рамки на фокус групата беа донесени заклучоци и препораки кои се однесуваа како во насока на можноста од унапредување на законодавството, така и во поглед на меѓуинституционалната соработка на институциите.

Во поглед на промена на постоечката регулатива, беше препорачано дека е потребно да се предвидат измени во Кривичниот законик кога станува збор за најчесто застапеното дело при вршење на семејно насилство- Телесна повреда (чл.130 ст.2 од КЗ). Имено, од страна на судии кои земаа учество на фокус групата е посочено дека е неопходно, со оглед дека целиот државен апарат се става во функција кога предмет на извршување е ова кривично дело, за истото да се предвиди гонење по службена должност, а особено имајќи предвид дека многу често жртвите ги повлекуваат своите предлози за гонење во текот на постапката, па постапките се запираат. Понатаму, во поглед на казнената политика, учесниците во фокус групата се согласуваат дека истата е релативно блага во поглед на

сторителите на делата (во 90% од случаите се определуваат алтернативни мерки-условни осуди), но оправданоста ја гледаат во висината на законски предвидените казни за конкретните дела. Лоциран беше недостаток на меѓуинституционална соработка помеѓу МВР и ЦСР, како и помеѓу МВР и ЈО. Првиот во насока на тоа дека унапредување на соработката помеѓу овие две институции би довел до бенефити за жртвите на овие кривични дела, а особено ако се има предвид дека ЦСР се клучните иницијални органи кои првично се во контакт со жртвите и од нив е најголемото очекување да им помогнат и ги заштитат жртвите. Оттука, доколку соработката на МВР со оваа институција се унапреди, жртвите уште во првата фаза кога ќе се охрабрат да пријават во МВР, би имале можност да бидат упатени (бидејќи не се во доволна мера информирани за фактот дека заштита на нивните права можат да побараат и од ЦСР) да побараат заштита и во ЦСР. Во поглед пак на неопходноста од унапредување на соработката помеѓу МВР и ЈО, констатирано беше дека голем дел од пријавите кои се поднесени до МВР, не се процесуирани до ЈО, па оттука би било сосема коректно да се констатира дека МВР како орган, е потребно да ги обавува своите со закон утврдени должности и надлежности без тоа да се одрази на заштита на правата на жртвите. Дополнително, констатирано е дека е неопходно да се инвестира во едукација на човечките ресурси односно припадници на МВР, без оглед дали истите работат или не на оваа конкретна проблематика, од причина што се уште се евидентираат случаи на непостапување или несоодветно постапување од страна на полициски службеници при случаи на пријави на семејно насилство, од едноставна причина што истите се убедени дека станува збор за приватна работа помеѓу сторителот и жртвата. Нотирано е и дека се потребни опширни едукативни кампањи и за самите граѓани во државата за зголемување на свесноста за семејното насилство и неговите последици, бидејќи согласно искуствата, досегашното постигнато ниво на пријавување (па дури и зголемен број на пријави) на овој феномен е благодарение токму на вакви едукативни содржини.

Неопходноста од дополнителна едукација и зајакнување на сопствените капацитети на институциите како МВР, ЦСР е констатирано дека е од клучно значење, како би се обезбедила доверба на жртвите во самиот систем и нивно охрабрување за пријавување на овој вид на случаи. Во насока на заштита на жртвите беше даден и предлог на самата фокус група во насока на интервенции во Законот за правда на деца, за кого во тек е процес на измени и дополнувања, со кои интервенции би се олеснила положбата на децата жртви во овие постапки. Поточно, предлогот се однесуваше на можноста за единствено испитување на жртвата во присуство на потребните надлежни институции (полициски службеници, ЈО, адвокати сл.), како би се избегнал концептот на двојна виктимизација на истата.

Како посебен проблем од страна на претставници на ЦСР беше посочен фактот дека не постои соодветен механизам за подолго обезбедување и заштита на жртвите од причина што во шелтер центрите, сместувањето е временски ограничено 3+3 месеци, по кој период жртвите немаат избор освен повторно да се вратат и кохабитираат со насилникот. Прашање односно проблем на кој што државата треба да му посвети особено внимание и да изнајде начин како да овозможи долгорочно обезбедување на жртвата, но и да поттикне и обезбеди можности за економско осамостојување на истата.

На фокус групата со претставници на граѓански организации беа констатирани следните состојби:

Статистиките на МТСП за месеците мај и јуни (период по завршувањето на вонредната состојба, полицискиот час и викенд-карантините) покажуваат зголемување на бројот на пријави за семејно насилство за 30% повеќе во споредба со минатата година. На ова се надоврзува и податокот дека од отворањето на сервисот на здружението „Глас против насилство“, за време на карантинот е забележан најголем број на пријави од жени, кои освен што пријавуваат семејно насилство, бараат и конкретна помош. Со слична ситуација, во овој временски период биле соочени и останатите граѓански организации кои работат на ова поле. Според истите, главната причина за ова е тоа што институциите, биле и сѐ уште се насочени само кон решавање на здравствената криза, при што не овозможуваат висок степен на доверба кај жртвите. Недовербата на жртвите се темели на реално искуство на истите со институциите кои нудат заштита од семејно насилство, особено со полицијата и нејзините претставници, кои често немаат ниту основни познавања за постапување со овој вид на жртви, немаат соодветни познавања на законодавството, поради што и многу ретко поднесуваат предлози за определување на мерки за заштита. Покрај ова, впечаток на граѓанските организации е дека во најкритичниот период за жртвите (периодот на вонредна состојба и рестрикции во движење) Центрите за социјална работа во поголем временски период работеле редуцирано, со намален капацитет. Но, и кога биле, жртвите не истакнувале особено позитивни искуства од односот на вработените спрема нив, што несомнено упатува на заклучокот дека недостига соодветен систем на поддршка во службите, односно менторски систем, кој треба пред се да постои во ЦСР.

Во поглед на ситуацијата со децата жртви , според статистиките со кои располага Коалиција „Сите за правично судење„ помалку од 5% од сите жртви се деца, но претпоставката е дека темната бројка на деца жртви може да се движи и до 50%. Во насока на ова, од страна на граѓанските организации е констатирано дека не само оваа година, ниту пак исклучиво само во периодот на пандемија, туку неколку години наназад, насилството како причина за пријава е многу ретко и покрај очекувањата дека ќе се зголеми бројот на пријави за време на вонредната состојба и карантинот. Но, за разлика од претходните години, евидентиран е зголемен бројот на пријави за сексуално насилство врз деца кое се случувало подолг временски период наназад. Претпоставката за ова е дека децата во период на карантин, кога се дома со своите родители и блиски, се чувствуваат сигурно и полесно се охрабруваат да го пријават сексуалното насилство. Исто така, за време на вонредната состојба, евидентиран е и зголемен број на пријави за прекршување на правото на родителство, кои пријави биле особено зачестени на почетокот на вонредната состојба (кога беше за прв пат воведен карантин и полициски час), во услови на видно намалени капацитети на ЦСР, граѓанските организации кои работата со деца констатираат дека родителите-старатели ја злоупотребиле општествената состојба и не го остварувале решението за видување на детето со другиот родител.

Од страна на граѓанските организации, особено оние кои нудат бесплатна правна (примарна и секундарна) помош, констатирано е дека за време на вонредната состојба е зголемен бројот на поднесени обрасци со барање за секундарна правна помош за семејно насилство и развод на брак. Но, тука веќе граѓанските организации детектираат друг проблем- законски ограничувања и недоречености.

Според граѓанските организации, најголем проблем во остварувањето на правото на бесплатна правна помош, сепак останува во постапувањето на службените лица (пред сѐ припадниците на МВР)

кои се впрочем и првите службени лица кои стапуваат во контакт со жртвите на семејно насилство. Констатациите се дека полициските службеници многу често немаат доволно или немаат воопшто познавања за Законот или пак правото на БПП, како и за начинот на кој жртвите можат да ја обезбедат правната помош. Истите, пријавите од страна на жртвите на семејно насилство, најчесто ги евидентираат како прекршок против јавниот ред и мир и во полициските станици, освен службените лица на повисоки позиции во хиерархијата, нема доволно обучен кадар да се справи со случаи на семејно насилство. Оттука може да се заклучи дека жртвите на семејно насилство треба да добијат третман како посебна ранлива категорија, кои покрај бесплатната правна помош, треба да добиваат и друга делотворна помош и поддршка, за што се неопходни соодветни законски измени. Но и да се посвети особено внимание во зајакнување на капацитетите на полициските службеници, како и нивната информираност и спремност да постапуваат во овие случаи, кое нешто единствено може да се постигне преку континуирани обуки.

Генерален заклучок на граѓанските организации е дека оние кои што се условно кажано „први на терен“ и треба да се во заштита на жртвите, ниту се обучени, ниту пак вложуваат напор за унапредување на сопствените капацитети. Сензибилизираноста кај овие лица, односно полициските службеници е дефинирана како најниска од сите институции кои се справуваат со семејно насилство и истата не само што не постои, туку е и причина поради која жртвите се одвраќаат од понатамошно постапување и пријавување. Од анализа на состојбите која ја има спроведено здружението Кризен центар „Надеж“, најголем дел од полициските службеници не се запознаени со начинот на постапување во случај на семејно насилство, во голема мера истите семејното насилство го сметаат за приватна работа и сметаат дека не треба да „се мешаат“ во приватните работи и „недоразбирања“ на граѓаните. Дополнително, нотирана е и невоедначена практика на постапување на полициските станици, како и на центрите за социјална работа во поглед на постапувањето и справувањето со семејното насилство. Состојбата констатирана за МВР е идентификувана и во ЦСР- иако за лицата кои доаѓаат од овие институции се очекува да се првите лица кои би се јавиле како заштитници на правата на жртвите од семејно насилство, нотирано е дека не сите вработени го препознаваат семејното насилство, а врз основа на тоа и немаат идентична пракса за постапување во овие случаи.

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО СУДСКАТА ПОСТАПКА

Како што беше и претходно напоменато, семејното насилство не е инкриминирано како посебно кривично дело, туку истото претставува квалификаторен облик на повеќе кривични дела, како „Убиство“[40], „Телесна повреда“[41] и „Тешка телесна повреда“[42], „Присилба[43]“, „Противправно лишување од слобода[44]“, „Загрозување на сигурноста[45]“, „Обљуба со злоупотреба на положбата[46]“ и „Посредување во вршење проституција[47]“, додека пак семејното насилство се јавува како привилегиран облик кај две кривични дела: „Убиство на миг[48]“ и „Убиство на дете при пораѓање[49]“. Овие две кривични дела преставуваат посебен пристап на законодавецот, особено во поглед на убиството на миг, каде законот ја препознава сериозноста на семејното насилство, па насилството сторено како одговор на семејно насилство, дури и кога резултира со смрт се смета како олеснителна околност, токму поради физичката и психичка тортура која лицето ја претрпело како би било испровоцирано да стори кривично дело. Интересно е што кај сексуалните деликти многу ретко е предвидено дека истите можат да бидат сторени при вршење на семејно насилство, односно семејното насилство не е предвидено како посебен облик на повеќе од овие кривични дела, како на пример кај кривичните дела „Силување“ по член 186 од КЗ, „Обљуба врз немоќно лице“ по член 187 од КЗ и „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“. Како резултат на ова, овие кривични дела сторени при вршење на семејно насилство е исклучително тешко да бидат детектирани како активни или правосилно завршени предмети од областа на семејното насилство, поради што во оваа анализа практично во целост отсуствуваат кривичните дела поврзани со сексуално семејно насилство. Имајќи го ова предвид, како и фактот дека економското насилство не е инкриминирано во домашното законодавство, во предметите од набљудувањето доминира физичкото насилство (графикон бр. 11) со речиси 80%, додека пак во правосилно завршените предмети има поголема застапеност на психичкото насилство, или во 33.4% од предметите (графикон бр. 12).

---

40 Кривичен законик на РСМ, чл. 123 ст.2 т.2
41 Кривичен законик на РСМ, чл.130 ст.2
42 Кривичен законик на РСМ, чл.131 ст.2
43 Кривичен законик на РСМ, чл.139 ст.2
44 Кривичен законик на РСМ, чл.140 ст.2
45 Кривичен законик на РСМ, чл.144 ст.2
46 Кривичен законик на РСМ, чл.189
47 Кривичен законик на РСМ, чл.191
48 Кривичен законик на РСМ, чл.125
49 Кривичен законик на РСМ, чл.127




Графикон бр. 11




Графикон бр. 12

Во поглед на кривичните дела сторени при вршење на семејно насилство, трендот кореспондира со генералните впечатоци и прибраните податоци со мониторингот на останатите судските постапки во изминатите неколку години, каде покрај кривичните дела поврзани со имотни деликти, телесната и тешката телесна повреда се најчести кривични дела во основните судови. Ова значи дека повеќето од набљудуваните постапки се поврзани со полесни кривични дела за кои е предвидена и поблага казнена политика, а воедно истите се одвиваат во скратена постапка пред судија поединец и без претходно спроведување на истрага од страна на јавниот обвинител. . Од увидите во правосилно завршени предмети пак, може да се констатира слична застапеност на кривичните дела со тоа што има поголема процентуална застапеност на кривични дела поврзани со психичко насилство, поточно на кривичното дело „загрозување на сигурноста“, како и еден случај на „Присилба“ по член 139 од КЗ. Не постојат случаи на детектирано сексуално или економско насилство ниту во мониторинг периодот, ниту во примерокот на правосилно завршени предмети, додека и во двата примерока доминира физичкото насилство со околу 75% од сите случаи - предмет на ова истражување. Сепак, во овој дел мора повторно да се потенцира и земе предвид темната бројка на непријавено и непроцесуирано семејно насилство, особено психичкото и сексуалното насилство кои жртвите ретко се охрабруваат да ги пријават, поради срам или поради тешкото докажување на овие типови на семејно насилство, па поради тоа, можеме да кажеме дека жртвите најмногу се охрабруваат да го пријават физичкото насилство.

Во текот на мониторингот се евидентирани само две кривични дела „Убиство“ по член 123, ст.2, т.2 од КЗ, додека во примерокот на правосилно завршените предмети се евидентирани 6 случаи на убиство сторено при вршење на семејно насилство во периодот од 2015 до 2020 година. За разлика од сексуалното семејно насилство кое често може да остане непријавено и недетектирано, па поради тоа отсуството на тие кривични дела не може само по себе да се смета за охрабрувачки факт, релативно малиот број на убиства сторени при вршење на семејно насилство укажува на тоа дека најсериозниот облик на семејното насилство е сепак маргинализиран, иако не е занемарлив. Во насока на тоа, од анализираниот примерок може да се увиди дека и „тешката телесна повреда“ како потешко кривично дело е релативно малку застапено кривично дело во активните и правосилно завршените предмети, што сé заедно може да делува оптимистички во насока на успешно справување со последиците од стореното

насилство, како и ефикасна ресоцијализација и реинтеграција на жртвите и на сторителите на семејно насилство.

Имајќи ја предвид специфичноста на постапките поврзани со семејно насилство, но и фактот дека повеќето од нив се водат за релативно лесни кривични дела, набљудуваните постапки се во главно јавни, со тоа што јавноста е исклучена на само 2% од рочиштата за главна расправа и тоа поради заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или жртвата. Во оваа насока охрабрува фактот што во сите случаи судијата или судечкиот совет дозволија присуство на набљудувачите на Коалицијата во својство на стручна јавност согласно член 355, став 2 од ЗКП, препознавајќи ја потребата од истражувања и прибирање на податоци кои се однесуваат на судскиот перформанс во сузбивањето на семејното насилство.

Од аспект на обемот на предметите во сооднос со вкупниот број на кривични постапки кои се водат пред основните судови, можеме да забележиме дека станува збор за исклучително мал број на постапки поврзани со семејно насилство. Во согласност со проценките за високата темна бројка на овој тип на криминал, малиот обем на кривични предмети дополнително укажува на тоа дека голем број од жртвите на семејно насилство воопшто не се охрабруваат да го пријават истото, а имајќи предвид дека најголемиот број од постапките се водат за лесни кривични дела за кои е неопходна согласност од жртвата за кривичен прогон на сторителот, не ретко се случува жртвите да ги повлечат предлозите за гонење, а со тоа и да заврши постапката без последици за сторителот. Така, според податоците прибрани преку увидите во правосилно завршените предмети, дури 46% од предметите во кои е задолжителна волјата на жртвата или оштетениот за прогон на сторителот, истите го имаат повлечено предлогот за гонење (графикон бр. 13). Ваквото повлекување на предлогот многу често може да биде направено уште пред да биде одржано првото рочиште по предметот, или пред да биде поднесен обвинителниот предлог, што впрочем претставува и еден од главните фактори за големата разлика помеѓу бројот на поднесени пријави и бројот на судски случаи поврзани со семејно насилство.




Графикон бр. 13

Од аспект пак на географската покриеност, судовите од поголемите градови со повеќе жители, а аналогно на тоа и со поголем обем на работа, имаат и повеќе предмети од областа на семејното насилство (графикон бр. 14). Ваквата поставеност е за очекување, особено доколку се земе предвид

дека покрај големиот обем на работа и поголемата населеност на местата за кои се надлежни судовите, а голем удел има и достапноста на државни служби и граѓански организации за жртвите на семејно насилство во помалите места, а особено во руралните средини.




Графикон бр. 14

Исклучок од ваквата пропорционална застапеност е Основниот суд Битола, кој иако е второ-рангиран во државата по обемот на кривични предмети по кои постапува[50], истиот повторно има непропорционално помалку предмети од областа на семејното насилство. Во одредена мера може да се забележи и тренд на опаѓање на предметите поврзани со семејно насилство пред Основниот суд Битола, па така додека во 2019 истиот е на трето место по бројот на предмети од областа на семејно насилство, или со процентуална застапеност од 17% во вкупниот примерок на анализа, оваа година истиот е на четврто место и истиот е само 6% од вкупниот примерок. Уште еден исклучок од ова е и Основниот суд Тетово, каде втора година по ред не се регистрирани активни случаи поврзани со семејно насилство. Ваквото отстапување може да биде индикативно за условите под кои жртвите можат да го пријават насилството во конкретното географско подрачје, кое може да биде условено од повеќе фактори, меѓу кои и капацитетите на надлежните институции да пружат соодветна заштита и да стекнат доверба од жртвите како истите би се охрабриле повеќе да го пријавуваат семејното насилство. Во останатите случаи предметите од областа на семејното насилство се во главно сконцентрирани во Скопје со речиси 60% од сите постапки, а потоа и во Куманово, Штип, Битола и Гостивар.

[50] Годишните извештаи на судовите се достапни на следниот линк: http://www.sud.mk/

# ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ

Постапувањето во предметите од областа на семејното насилство мора да биде експедитивно и ефикасно поради специфичниот однос и релација на жртвата со сторителот, како и големата веројатност за делење на исто живеалиште што во голема мера може да биде ризик фактор за повторување на насилството доколку истото остане несанкционирано. Дополнително, долгото траење на постапките може да предизвика и контра-ефект во однесувањето на сторителот на семејното насилство кој може да биде дополнително исфрустриран и испровоциран од долгото траење на постапката и да започне да се осветува на жртвата која го иницирала целиот тој процес. Од друга страна, обвинетите во постапките за семејно насилство ги имаат сите процедурални гаранции кои ги уживаат сите лица кои можат да се најдат во својство на обвинети во една кривична постапка, вклучително и правото на судење во разумен рок, независно од исходот на постапката. Поради сé ова, брзината на постапување во кривичните постапки од областа на семејното насилство е од исклучително значење и истата има за цел соодветно да го заштити интегритетот и благосостојбата на жртвите на семејно насилство, како и да се осигура дека сторителите ќе се соочат со фер и правична постапка, притоа минимизирајќи ги ризиците од поттикнување на одмаздничко однесување од страна на сторителот.

Имајќи предвид дека набљудуваните постапки не беа затекнати од самиот почеток, ниту пак во сите од нив беше донесена пресуда за време траење на процесот на мониторинг, податоците за траењето на постапките беа прибрани од правосилно завршените предмети. Она што е забележливо е дека повеќето предмети, или 70% се завршени во рок од 6 месеци, што впрочем и кореспондира со генералните теоретски претпоставки за просечното траење на една кривична постапка, кое согласно истражувањата на Советот на Европа, во Македонија изнесува 150 денови (график бр. 15)[51]. Сепак, се издвојуваат 8 предмети кои траеле повеќе од 6 месеци, или 15% од анализираните правосилно завршени предмети и 7, или 14% кои траеле повеќе од една година, меѓу кои и еден предмет кој траел 3 години и 1 ден.




Графикон бр. 15

[51] https://public.tableau.com/profile/cepej#!/vizhome/CEPEJ-Overviewv20201_0EN/Overview

Следствено на ова, доколку се погледнат податоците за бројот на одлагање во поединечен предмет, ќе забележиме дека 28, или речиси половината од анализираниот примерок на правосилно завршените предмети биле завршени на само едно рочиште, 22 предмети имале до 3 одлагања на рочиштата за главна расправа, додека во 9 предмети имало 5 или повеќе одложени рочишта, од кои во 3 предмети имало повеќе од 10 одложени рочишта (графикон бр. 16). Иако тука мора да се има предвид дека станува збор за многу мал примерок на предмети врз кои е правено истражувањето, сепак станува збор за сите правосилно завршени предмети поврзани со семејно насилство кои се водени пред Основниот кривичен суд Скопје во период од 5 години, што укажува на тоа дека во просек предметите се решаваат на 2,2 рочишта, стапката на одлагање во најголемиот број на предмети е оптимистички ниска, а траењето на поголемиот дел од постапките решени и побрзо од просечното време на одлучување во кривичните постапки. Сепак, имајќи го ова предвид, мора да се напомене дека значаен број на предмети траат подолго од 6 месеци, како и тоа дека не така мал процент на предмети имаат рочишта кои биле одложени повеќе пати.




Графикон бр. 16

Битно е да се напомене дека 24 од предметите имаат завршено со признание на вина, или 40% од сите правосилно завршени предмети, а согласно ЗКП, признанието може да биде дадено само на првото рочиште за главна расправа, веднаш по давањето на воведниот говор на обвинителот, односно читање на обвинителниот предлог и поуките за правата на обвинетиот (графикон бр. 17). Оттука, можат да се изведат два битни заклучоци:

1) во половина од предметите кои завршиле по признание на вина, првото рочиште не е одржано во првите 30 дена од поднесување на обвинението, што е индикативно за брзината на постапување на судовите и начинот на организирање и менаџирање на работата на судот, вклучително и приоретизирање на судските предмети;
2) 85% од предметите кои завршиле на едно рочиште имале таков исход поради признание на вина на обвинетото лице, што е индикативно на тоа дека судовите се соочуваат со потешкотии во менаџирањето на текот на постапката кога истата нема да заврши по признание на вина.




Графикон бр. 17

Аналогно на ова, менаџирањето на текот на судските постапки е анализирано преку одлагањата на рочиштата за главна расправа, кои пак во главно се должат на отсуство на обвинетите и јавните обвинители, а многу ретко и поради прибирање на нови докази, повикување на нови сведоци или подготовка на одбраната. Во најголемиот број од детектираните одлагања доминира комбинирано отсуство на двајца или повеќе субјекти на постапката, додека пак сумарно гледано најмногу отсуствуваат токму директно инволвираните лица, првенствено обвинетиот и јавниот обвинител. Ваквата ситуација е речиси идентична во набљудуваните предмети (графикон бр. 18) и во правосилно завршените предмети во кои е направен увид (графикон бр. 19), а ваквите податоци во голема мера се поклопуваат со процентот на одлагање во останатите кривични постапки набљудувани од страна на Коалицијата.




Графикон бр. 18




Графикон бр. 19

Поголемо отстапување се јавува само во тоа што во конкретниот примерок има за нијанса повисок степен на отсуство на јавните обвинители, кој е речиси идентичен со отсуството на обвинетите лица во набљудуваните постапки, па така јавниот обвинител отсуствувал на 42 рочишта, додека обвинетиот на 46. Отсуството на јавните обвинители од рочиштата за главна расправа е посебно загрижувачки во предметите од областа на семејното насилство и истите укажуваат од една страна на капацитетите на јавните обвинителства во контекст на расположливите човечки ресурси, а од друга страна на свесноста на јавните обвинители за постапувањето во предметите од областа на семејното насилство, сериозноста, деликатноста и сензитивноста на овие случаи, а со тоа и приоретизирање на нивното решавање.

Отсуството на жртвата во најголемиот дел од постапките не претставува причина за одлагање на постапката, освен доколку истата не е повикана како сведок на главната расправа. Имајќи предвид дека отсуствата на жртвата се трети по застапеност, веднаш зад отсуството на обвинетиот и обвинителот, можеме да заклучиме дека во постапките за семејно насилство, има помала веројатност жртвата да присуствува или активно да учествува во текот на процесот, што неминовно укажува на тоа колку целиот процес може да биде непријатен за жртвите на семејно насилство и како истите преферираат да не се соочуваат непотребно со сторителот на насилството.

Од друга страна пак, фактот што најголемиот број на одлагања се должат на отсуство на некој од субјектите во постапката, покренува прашања за капацитетот на судот како орган на државната власт, успешно да го менаџира процесот на судењето со цел да обезбеди присуство на субјектите без кои е невозможно да се одвива постапката. Во контекст на ова, може да се забележи дека постојат потешкотии во поглед на доставата на поканите и соодветно обезбедување на присуството на учесниците (графикон бр. 20), како и синхронизирањето на роковниците и распоредите на сите субјекти во постапката со цел максимизирање на ефикасноста на рочиштата за главна расправа.




Графикон бр. 20

Од графиконот може да се забележи дека во 28% од случаите станува збор за неуредна достава, односно неуспех на судските служби, да ги пронајдат учесниците во постапката и уредно да ги повикаат на рочиштето за главна расправа. Оваа состојба може сериозно да влијае врз целиот тек на постапката и нејзината целокупна правичност, имајќи го предвид правото на судење во разумен рок, а посебно и потребата од ефикасност и ефективност на постапките поврзани со семејно насилство, со цел

финалниот исход да може соодветно да влијае за заштита на жртвата и ресоцијализацијата на сторителот. Протекот на подолг временски период, особено во постапките за полесни кривични дела може да има влијае и врз застарувањето на кривичните постапки, па поради сé ова, менаџирањето на судските постапки и целокупното работење на судот со сите свои служби и координација со останатите органи мора да биде на задоволително ниво, како би се избегнале непотребни одолговлекување на постапките. Вака високиот процент на неуредна достава, укажува на потреба од унапредување на капацитетите и ресурсите кои судовите, но и останатите државни органи со надлежности, како што е полицијата, ги имаат на располагање во поглед на комуникацијата со граѓаните инволвирани во судски постапки и евентуалното пронаоѓање на недостапните лица.

Дополнително во оваа насока, може да се забележи дека постои загрижувачки висок процент на неоправдано отсуство од страна на некој од учесниците во постапката, што всушност претставува и главната причина за отсуство на лицата од расправите, во 30% од случаите на одлагање. Неоправданото отсуство на субјектите во постапката може да има различни последици, па така согласно ЗКП, неоправданото отсуство на јавниот обвинител може да резултира со дисциплинска одговорност на истиот, додека пак неоправданото отсуство на обвинетиот може да биде причина за определување на определени мерки за обезбедување на неговото присуство. Во насока на ова, сепак мора да се има предвид дека, не само оваа година, туку воопшто во изминатиот период во кој Коалицијата спроведува мониторинг, не постои практика согласно која судовите ги проверуваат медицинските белешки или други докази за оправдано отсуство, доставени од страна на отсутните учесници поради кои рочиштето било одложено. Тоа значи дека неоправданите отсуства кои се детектирани се отсуства за кои лицето нема доставено воопшто никаква потврда дека истото било спречено да присуствува на рочиштето, или не успеало на било каков друг начин да го оправда своето отсуство. Ова во голема мера може да се толкува како обид на лицето да го избегне судењето, што е особено индикативно доколку овој податок се вкрсти со високиот број на отсуства на обвинетото лице.

Конечно во овој дел, мора да се има предвид и специфичната клима и опкружување во кое се спроведуваше ова истражување, односно се водеа овие постапки, па така, одлагањата поради отсуство дополнително беа зголемени поради болест или мерки на превенција на КОВИД- 19, како што се решенијата за изолација и самоизолацијата на граѓаните, што може да се забележи во една петтина од постапките каде учесниците го оправдале своето отсуство. Сепак, имајќи предвид дека со ова истражување беа опфатени и правосилно завршени постапки кои се одвивале во периодот од 2015 до денес, може да се забележи дека трендовите за отсуство на субјектите од постапките се релативно предвидливи, со тоа што постои само мало зголемување на оправданите отсуства.

# МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Имајќи го предвид високиот процент на отсуства, како и големиот процент на неоправдани отсуства, особено на обвинетите во постапките за семејно насилство, беа обработени и податоците кои се однесуваат на определување на мерки за обезбедување согласно членот 144 од ЗКП. Во предметите од областа на семејното насилство, на идентичен начин како и во останатите кривични предмети доминира притворот како мерка за обезбедување, па така во 10% од набљудуваните предмети (графикон бр. 21) и во 14% од предметите во кои е направен увид (графикон бр. 22) е определена мерка притвор. Со други зборови, во речиси 80% од сите предмети во кои е определена мерка за обезбедување истата е притвор, а во останатите предмети станува збор за приведување со цел да се обезбеди присуството на обвинетиот на расправата. Мерката приведување реално може да се смета за полесна мерка, бидејќи со истата присилно се доведува обвинетиот на расправата, а притоа истиот не се смета дека е лишен од слобода, согласно што оваа мерка всушност само предупредува на можноста од искористување на потешките и подолгорочни мерки доколку лицето продолжи да избегнува присуство на рочиштата за главна расправа[52]. Сепак, останатите мерки остануваат неискористени, дури и како комбинација од повеќе полесни мерки, што уште еднаш укажува првенствено на големата искористеност на притворот на сметка на останатите алтернативни мерки, а покренува и прашања во врска со генералната практичност и ефективност на останатите полесни мерки во кои судовите очигледно немаат доверба.




Графикон бр. 21




Графикон бр. 22

Иако мерките за обезбедување согласно членот 144 од ЗКП, а особено притворот и останатите форми на лишување од слобода се однесуваат првенствено на обезбедување на непречен тек на кривичната постапка, во смисла обезбедување на присуство на обвинетото лице, како и оневозможување противзаконско влијаење врз истрагата, доказите и исказите на сведоците, сепак истите можат да бидат определени и за заштита на жртвата или оштетениот во случаите кога има реално висока и оправдана опасност обвинетиот да го повтори делото или да стори ново кривично дело со кое се заканува. Кога станува збор за случаи на семејно насилство, доколку постои висок ризик за

[52] Калајџиев Г., Лажетиќ Г., Неделкова Л., Денковска М., Тромбева М., Витларов Т., Јанкуловска П., Кадиев Д., Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018 г. стр. 334

повторување на насилството, определувањето на алтернативните, полесни мерки за обезбедување согласно ЗКП не би можеле да дадат соодветен резултат со оглед на фактот што многу често жртвата и сторителот делат исто живеалиште. Во таа насока, кога станува збор за случаи од областа на семејното насилство, постојат и дополнителни механизми на заштита на жртвите изразени преку привремените мерки за заштита предвидени во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство согласно кои може да биде постигната соодветна изолираност на жртвата и сторителот. Во пракса, број на случаи каде е нотирано дека имало определено привремена мерка за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство варира, па така нотирано е дека во набљудуваните постапки се изречени само 4 привремени мерки, додека во предметите во кои е направен увид е нотирано дека се изречени 11 привремени мерки. Секако, овие мерки можат да бидат определени и во комбинација на повеќе мерки кон едно лице, па во суштина овие вкупно 15 изречени мерки се однесуваат на 10 лица, уште еднаш укажувајќи на неискористеноста на алтернативните и привремените мерки за заштита. Во контекст на ова, недостасуваат податоци за соодветната контрола над изречените привремени мерки за заштита, па оттука е навистина тешко да се утврди нивната практична ефикасност, како и причините поради кои генерално постои недоверба во предлагањето и изрекувањето на овие мерки.

Од оние мерки кои се изречени во набљудуваните постапки, два пати е изречена мерката „забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри“, и по еднаш мерката „забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство“ и „задолжително лекување на сторителот“ (графикон бр. 23), додека пак во правосилно завршените предмети најзастапена е мерката „забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство“, потоа „задолжително лекување на сторителот“ и „забрана да малтретира, вознемирува, телефонира и контактира со жртвата“ (графикон бр. 24). Во ниту еден од случаите не е забележано предлагање и изрекување на мерката „отстранување на сторителот од домот без оглед на сопственоста“, ниту самостојно, ниту во комбинација со останати мерки.




Графикон бр. 23




Графикон бр. 24

# ПОУКИ ЗА ПРАВАТА

Како дел од меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење претставува почитувањето на основните права кои ги има обвинетиот во една постапка, од кои меѓу најзначајните е правото на ефективно учество во постапката. Познавањето на правата кои на едно лице му припаѓаат во постапката е основен услов за да се овозможи негово ефективно практикување на истите, а со тоа и реална ефективност на овие права во пракса. Согласно ова, во домашното законодавство, поточно во Законот за кривичната постапка се предвидува дека секој обвинет треба да биде поучен од страна на судот за што е обвинет, дека истиот има право на бранител, да биде поучен дека не е должен да учествува во постапката преку одговарање на прашања, поставување прашања или изнесување докази, како и право да го направи токму спротивното, односно да даде исказ, да поднесува и презентира доказ, како и да поставува прашања на сведоците и вештаците. Членот 206 од ЗКП оди и чекор понатаму во гарантирањето на овие права, пропишувајќи дека обвинетиот треба да биде поучен поединечно за секое од наведените права, додека пак во Коментарот на Законот за кривичната постапка е протолкувано дека секое од правата треба да биде не само набројано, туку и објаснето на начин разбирлив за обвинетиот[53].

Во практичната примена на овие одредби Коалицијата констатираше неконзистентност во поуките, поточно случаи каде правата воопшто не се објаснети на обвинетиот, или случаи каде обвинетиот е поучен само за дел од правата. Оваа година, ваквиот тренд е забележителен и во анализираните постапки поврзани со семејно насилство, па така од графиконот бр. 25 може да се забележи дека и во набљудуваните постапки и во правосилно завршените предмети во кои е направен увид постои идентичен тренд кога станува збор за поуките на правата, кој во голема мера се поклопува со детектираните состојби во останатите кривични постапки и анализи.




Графикон бр. 25

[53] Калајџиев Г., Лажетиќ Г., Неделкова Л., Денковска М., Тромбева М., Витларов Т., Јанкуловска П., Кадиев Д., Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018 година.

Поуките за правата и во овие постапки се нецелосни, а што е интересно, ваквата состојба кореспондира дури и кога станува збор за поуките нотирани на записник, што укажува на тоа дека податоците за поуките на правата прибрани од страна на набљудувачите во текот на постапките се доста прецизни и соодветно ја отсликуваат реалната состојба во пракса. Според овие трендови може да се забележи дека најчестата поука која ја даваат судовите е за правото на бранител, а веднаш потоа правото на обвинетиот да молчи, и да изнесува докази во својата одбрана, додека правото да поставува прашања на сведоците и вештаците е помеѓу најретко даваните поуки. Поуката за бесплатната правна помош не е дадена во ниту еден од набљудуваните или правосилно завршените предмети, што значи дека во кривичните постапки во пракса сѐ уште преовладува премисата дека бранител по службена должност треба да биде доделен само кога станува збор за задолжителната одбрана согласно ЗКП, во спротивно, обвинетиот самиот треба да си обезбеди бранител.

Она што е загрижувачки показател е фактот што во 14% од набљудуваните предмети воопшто не биле појаснети правата на обвинетото лице (графикон бр. 26), статистика која укажува на веќе постоечки проблем кој е евидентиран и во останатите анализи на Коалицијата. Имајќи предвид дека перцепциите на учесниците во постапките, како и на јавноста во поглед на тоа дали одреден процес е фер, не зависи од исходот на постапката, туку од третманот кој учесниците во постапката го добиле од страна на судот, отсуството на поуките на правата и овозможување на ефективно учество на обвинетите лица во кривичната постапка која се води против нив може да ја поттикне фрустрацијата и желбата за одмазда на сторителот на семејното насилство кон жртвата[54]. На овој начин, жртвата со осудата на сторителот во неправична постапка би добила само привремена заштита додека трае казната на сторителот, а од друга страна би биле сериозно отежнати обидите за ресоцијализација на сторителот и ресторативниот ефект на правдата.




Графикон бр. 26

[54] Stanislaw Burdziej, Keith Guzik, Bartosz Pilitowski, Fairness at Trial: The Impact of Procedural Justice and Other Experiential Factors on Criminal Defendants' Perceptions of Court Legitimacy, Journal of the American Bar Foundation, достапно на: https://clas.ucdenver.edu/sociology/sites/default/files/attached-files/fairness_at_trial_._guzik.pdf

# ДОКАЗНА ПОСТАПКА

Како што беше напоменато, обвинетиот ужива посебни процедурални права и гаранции како би се обезбедила фер и правична постапка во која обвинетиот ќе има еднакви можности да ја презентира својата одбрана и да ги побива наводите и доказите изнесени од спротивната страна, односно јавниот обвинител. Како што беше напоменато и претходно, во кривичните постапки поврзани со семејно насилство е неопходно да се постигне соодветен баланс помеѓу ефективна заштита на жртвата и одбегнување нејзина двојна виктимизација, со презумпцијата на невиност на обвинетиот и должноста на јавниот обвинител да докаже надвор од разумно сомневање дека обвинетото лице е виновно за конкретното кривично дело. Во насока на тоа, неопходно е брзо и темелно истражување на сите околности на кривичното дело и прибирање на доволен број на докази од страна на јавниот обвинител како истиот би можел да го поткрепи обвинението, или пак невиноста на обвинетиот. Од изведуваните докази во набљудуваните постапки, како и од увидите во правосилно завршените предмети, може да се забележи често користење на исказот на жртвата како доказ во кривичната постапка, а многу мала искористеност на вештачењата и испитувањето на вештаци (графикон бр. 27).




Графикон бр. 27

Од останатите докази, може да се забележи дека постои разлика помеѓу набљудуваните предмети и предметите во кои е вршен увид, во поглед на материјалните докази, што може да биде објаснето со слабостите на методолошкиот пристап, поточно малиот број на предмети кои беа достапни за анализа, како и фактот што не сите од набљудуваните активни предмети беа затекнати од самиот почеток, па со тоа и во голем дел од нив не беше опфатена целата доказна постапка. Од друга страна сепак, ваквото отстапување се бележи во главно кај материјалните докази, кои од досегашните анализи и прибрани податоци, ретко кога и фактички се изведуваат и презентираат на главната расправа, поточно истите само формално се заведуваат како изведени докази на записникот од расправата, а потоа нивната содржина интегрално се внесува во записникот од главна расправа, особено кога станува збор за поголеми писмени документи, а поради економичност на постапката.

Сепак, честото користење на исказите на жртвата како докази во поткрепа на обвинението покренуваат посебни предизвици кои се однесуваат на двојната виктимизација, бидејќи согласно

праксата на ЕСЧП, обвинетиот мора да има прилика да ги испита сите сведоци кои сведочат против него пред судот кој треба да ја донесе конечната одлука[55], вклучувајќи ја и жртвата на кривичното дело, доколку истата е предложена како сведок од страна на обвинителот. Поради тоа што ваквите ситуации на вкрстено испитување на жртвата од самиот обвинет можат да бидат злоупотребени од страна на обвинетиот со цел истиот да постигне дополнително страдање на жртвата , а имајќи ја предвид природата на кривичните дела од областа на семејното насилство, ЗКП нуди можност жртвата да биде испитана под посебни услови на заштита или со употреба на технички средства како би се минимизирала шансата обвинетиот недолично и несоодветно да се соочи со жртвата. Согласно членот 54 од ЗКП, судот може да одлучи по сопствена оцена, или на барање на обвинителот или на самата жртва да примени некоја од процесните мерки на заштита.

Во пракса, жртвата е сослушана на расправата во својство на сведок во 77% од случаите, од кои само во 8% под посебна заштита со технички средства, а во 69% од случаите испитувањето на жртвата било непосредно (графикон бр. 28). Претходно споменатиот ризик за појава на двојна виктимизаија на жртвата не смее да се толкува во насока на ограничување на правата на обвинетиот, бидејќи правата на жртвата и на обвинетиот не се спротивставени концепти кои меѓусебно се исклучуваат. За жал, во речиси 40% од случаите каде жртвата била испитана како сведок на обвинителството, обвинетиот не добил дозвола од судот да ја испита истата, што може да биде проблематично ако се земе предвид дека исказот на жртвата е користен како доказ во повеќето предмети (графикон бр. 29). Ваквото постапување може да влијае врз целокупната правичност на постапката, со што не само што би биле повредени правата на обвинетиот, туку би биле повредени и правата на жртвата доколку оваа повреда доведе до редовен или вонреден правен лек и повторување на постапката.




Графикон бр. 28




Графикон бр. 29

Поради ова, неопходно е да бидат направени обиди од страна на јавните обвинители за прибирање на што е можно повеќе докази во поткрепа на обвинението, како би се избегнало предлагање на жртвата како сведок, а од друга страна, обиди на судовите да обезбедат соодветни услови и опрема за испитување на жртвата на посебен начин како би се овозможила нејзина заштита од евентуално

[55] ПК против Финска бр. 37442/97, достапен на https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-22630

непријателско однесување на обвинетиот при испитувањето, како би се постигнала целокупна правичност на постапката. Во насока на тоа дека ограничувањето на правата на обвинетиот за вкрстено испитување на жртвата се должат на обидите на судот да ја заштити жртвата, говорат и податоците во поглед на можноста за вкрстено испитување на сведоците, согласно кои во само 6% од случаите обвинетиот немал прилика вкрстено да го испита сведокот на обвинителството (графикон бр. 30). Обратно од ова, на јавниот обвинител не му било ускратено правото да поставува вкрстени прашања на сведоците на одбраната во ниту еден случај.




Графикон бр. 30

Она што е интересно е што на 7% од расправите жртвата, односно оштетениот побарале да им биде дозволено да поставуваат вкрстени прашања на сведоците на одбраната, но не добиле таква можност од страна на судот. Согласно членот 57 од ЗКП, оштетениот во постапката има право да укажува на факти и да предлага докази, како и да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка, па оттука одбивањето на судот да дозволи истите да ефективно учествуваат во доказната постапка, претставува повреда на правата на оштетениот, односно жртвата. Во насока на ова, во 9% од случаите предмет на ова истражување, оштетениот воопшто и не бил поучен за правото да учествува во постапката, вклучително и на главната расправа (графикон бр. 31).




Графикон бр. 31

Оневозможувањето на оштетениот да учествува во постапката само по себе не е суштествена повреда на постапката, но истата е индикативна за подготвеноста на јавниот обвинител, или пак за недоверба кај жртвата во подготвеноста на јавниот обвинител соодветно да го застапува обвинението на главната расправа, поради што жртвите кои вообичаено одбиваат да учествуваат во постапките, се решаваат да поставуваат вкрстени прашања на сведоците на одбраната, па дури и директно да се соочат со обвинетиот.

# ПРАВО НА ОДБРАНА И НЕПРИСТРАСНОСТ НА СУДОТ

Правото на фер и правично судење, како што е предвидено во Европската конвенција за човекови права, во себе вклучува право на обвинетото лице да биде судено од страна на независен и непристрасен трибунал, што подразбира дека истиот треба да ужива системска независност во својата законска поставеност и ограниченост на останатите органи на државната власт да можат да влијаат врз судот, како и непристрасност од аспект на објективност, отсуство на предрасуди, или било какво однесување или ставови согласно кои може да се смета дека судот има оформено мислење или наклонетост кон една од страните во постапката. Дополнително на ова, домашните судови треба да ги спроведуваат постапките на начин на кој би се овозможило на судијата или судечкиот совет со полна концентрација и контрола да го следат текот на постапката и изведувањето на доказите, како би можеле да донесат оправдана и образложена одлука.[56]

Од податоците кои се прибрани во текот на процесот на мониторинг во 7 основни судови во државата, набљудувачите забележале дека судот не внимавал на 3% од расправите, на начин што член од судечкиот совет ја привремено ја напуштал судницата, или член на советот или судечкиот судија во текот на постапката го користеле својот мобилен телефон (графикон бр. 32). Иако маргинализирани, ваквите случаи сепак не смеат да бидат занемарени, бидејќи истите укажуваат на несоодветно спроведување на постапката, како и на несериозно однесување од страна на судиите кои во суштина го претставуваат третиот столб на државната власт. Во таа насока, неопходно е надлежните органи да направат максимални напори како би се обезбедило достоинствено однесување, професионализам и почитување, пред сé на судот како орган на државната власт, а потоа и на учесниците во постапката, независно од нивниот статус.

[56] Макфи против Франција, бр. 59335/00, достапен на https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-67121




Графикон бр. 32

Коинцидентно со ова, во идентичен број на случаи набљудувачите забележале однесување од страна на судијата или член на судечкиот совет кое укажува на нарушена пресумпција на невиност, односно на веќе формирано мислење на судот во однос на вината на обвинетото лице (графикон бр. 33). Иако повторно станува збор за маргинализиран број на случаи, истиот мора да биде соодветно адресиран како би се избегнале суштествени повреди на постапката согласно членот 415 од ЗКП, согласно кој доколку во донесувањето на пресудата учествувал судија кој морал да биде изземен, постои повреда на постапката која е доволна за укинување на првостепената пресуда и повторување на постапката. Ова само говори во поткрепа на фактот дека правата на жртвата и обвинетиот не се спротивставени и почитувањето на правата на едниот субјект не значи ограничување на правата на другиот субјект, туку напротив, овие права со компатибилни, па така прекршувањето на пресумпцијата на невиност на обвинетиот неминовно ќе доведе до прекршување на правото на жртвата за ефикасна заштита на својот телесен и психички интегритет, како и за брзо и ефикасно окончување на судските процеси кои можат да бидат стресни и непријатни за самата жртва.




Графикон бр. 33

Интересно е што постои преклопување во процентот на случаи каде е детектирано невнимавање од страна на судот со случаите каде е детектирано прекршување на пресумпцијата на невиност, што може да укаже на тоа дека во конкретните случаи, токму поради веќе оформеното мислење од страна

на судот истиот си дозволил да загуби концентрација или макар кратки моменти на невнимание на самата расправа. Ваквите случаи многу тешко можат да бидат детектирани или поткрепени со некакви докази, поради тоа што во најголемиот дел од судовите во државата не постојат услови за аудио и визуелно снимање на рочиштата за главна расправа, па поради тоа, унапредувањето на материјалните услови на судовите за соодветна имплементација на одредбите од ЗКП во поглед на регистрирањето на текот на расправата ќе придонесат кон искоренување на и онака малиот број на предмети каде судиите оддаваат впечаток на пристрасност.

Тесно поврзано со непристрасноста на судот е и несоодветната комуникација помеѓу учесниците во постапката, или помеѓу судот и некој од учесниците во постапката. За потребите на ова истражување, покрај експлицитната несоодветна комуникација во овој тип на несоодветна ex-parte комуникација ги регистрираше и останатите суптилни форми кои можат да укажат на одреден тип на релација помеѓу субјектите кој би можел да се смета како непрофесионално или несоодветно однесување, или пак однесување кое може да има влијание врз конечниот резултат на постапката. Ваков тип на комуникација е детектиран во 11% од набљудуваните рочишта (графикон бр. 34) и речиси без исклучок се однесува на комуникација помеѓу судот и обвинителот, како и определено привилегирано однесување на јавните обвинители, како што е користење на службениот влез во судницата, или пак можност за обвинителот да биде во судницата со судијата, додека обвинетиот и неговиот бранител чекаат пред судницата.




Графикон бр. 34




Графикон бр. 35

Иако повторно станува збор за мал број на случаи каде е остварена неоодветна ex-parte комуникација, сепак е потребно да се вложат дополнителни напори за унапредување на капацитетите за препознавање на ваквиот тип на комуникација, како и за ефектот кој овој тип на однесување може да го има врз перцепциите на јавноста во поглед на правичноста на постапката во целост.

Како законска гаранција за обезбедување на непристрасност на судот е предвидена можноста за поднесување на барање за изземање доколку странките се сомневаат дека член од судечкиот совет или пак судечкиот судија имаат формирано мислење по однос на предметот, или пак постојат било какви други причини кои укажуваат на тоа дека судијата нема да може да донесе објективна одлука. Во само 2% од набљудуваните предмети е нотирано дека е поднесено вакво барање и тоа поради фактот што судијата учествувал во претходната кривична постапка (графикон бр. 35). Вака малиот број на

поднесени барања за изземање на судијата, како и малиот процент на детектирани прекршувања на непристрасноста на судот, говорат за фактот дека странките во главно имаат доверба во непристрасноста на судот, како и за тоа дека судиите генерално се однесуваат професионално и со должно внимание во контекст на нивната неутрална позиција и незаземање на ставови сé до завршување на постапките и донесувањето на пресудата.

Како неминовен дел од правото на одбрана е пристапот до сите докази прибрани од страна на обвинителството, вклучувајќи ги не само доказите кои одат во прилог на обвинението, туку и доказите кои одат во прилог на одбраната, вклучувајќи и право за правење на препис и копија од доказите. Ваквиот пристап за одбраната е клучен од аспект на целосно осигурување на еднаквоста на оружјата и правото на ефективна одбрана, особено доколку се земе предвид фактот дека јавните обвинители на располагање го имаат практично целиот државен апарат и истите се во состојба да приберат докази кои одбраната не би можела самостојно да ги обезбеди. Така, во вкупно 7 од 141 предмет на оваа анализа е забележано дека одбраната реагирала пред судот на одредена околност која го попречува ефикасното учество во постапката, и тоа во еднаков процент поради тоа што не им бил даден пристап до сите докази и поради тоа што не добила известување за завршување на истрагата, а во 20% и поради тоа што не им биле доставени доказите кои одбраната ги побарала од државни органи, институции, или физички или правни лица, согласно членовите од 307 до 311 од ЗКП (графикон бр. 36).




Графикон бр. 36

Ваквото постапување од страна на обвинителите е нотирано практично во секој тип на тематски мониторинг од страна на Коалицијата, како и во годишните системски мониторинг активности, кое иако не е често, сепак е постојано независно од видот на тематското подрачје на истражување. Во оваа насока, Коалицијата не располага со доволно податоци како би можела да посочи на определени причини зад појавата на ваквото постапување на обвинителите, дури и откако истрагата ќе биде завршена, односно во ситуација кога обвинетиот нема начин да влијае над доказите или исказите на сведоците. Поради тоа, ваквото постапување на обвинителите може да биде доста контра-продуктивно, бидејќи истото ефективно го нарушува правото на подготовка на одбраната, па оттаму истото е целосно неоправдано.

# ПРЕСУДА

Согласно ЗКП, судот е должен веднаш по завршувањето на главната расправа да ја изрече и објави пресудата, а доколку истото не е возможно да биде сторено веднаш, судот ќе го одложи изрекувањето на пресудата најмногу за 3 дена, при што јавно ќе го објави времето и местото на објавување на пресудата. Објавувањето на пресудата е јавно, а судот е должен накратко да ги образложи и причините поради кои ја донел конкретната одлука, како и да даде соодветни поуки за правото на жалба. Согласно ова истражување, судот ги испочитувал овие одредби во 64% од предметите во кои била донесена пресуда, што значи дека во 36% од овие предмети пресудата не била јавно објавена (графикон бр. 37).




Графикон бр. 37

Во отсуство на јавно објавување на пресудата, се повлекуваат и други последици по однос на правата на сите учесници во постапката, па така како резултат на ова, во речиси идентичен број на случаи е забележано дека судот не го појаснил правото и условите за жалба на пресудата (графикон бр. 38), ниту пак ја поучил жртвата за правото на надомест (графикон бр. 39) што уште еднаш укажува на ризикот кога едно право ќе биде прекршено истото да повлече последици и по останатите права, дури и на останатите учесници во постапката.




Графикон бр. 38




Графикон бр. 39

Поради ова е од особено значење судовите да направат напори за соодветно објавување на пресудите и давање на соодветни образложенија за причините поради кои е донесена конкретната пресуда, а при тоа соодветно да ги поучат обвинетиот и оштетениот, односно жртвата за правата кои ним им следуваат по однос на донесената пресуда.

Во поглед на казнената политика пак, од оние јавно објавените пресуди донесени во мониторинг периодот, сите се осудителни пресуди во кои доминантно е изречена условна осуда, или поточно во 70% од предметите (графикон бр. 40), што во голема мера се должи на фактот повеќето од кривичните дела за кои се водеа конкретните кривични предмети беа лесни кривични дела за кои е пропишана блага законска санкција, која согласно одредбите од Кривичниот законик може да биде заменета со алтернативна мерка, како што е условната осуда. Од друга страна, во 64% од правосилно завршените предмети е донесена осудителна пресуда со која е изречена условна осуда, а во 25% е изречена казна затвор, додека во 11% од предметите е изречена одбивателна пресуда (графикон бр. 41). Интересно е што ниту во периодот на мониторинг, ниту во правосилно завршените предмети не е детектирана ниту една ослободителна пресуда, што само по себе не е показател на конкретна состојба, но може да биде индикативно дека јавното обвинителство постапува единствено во предметите каде насилството е прилично очигледно, или лесно за докажување, или пак од друга страна дека не постои соодветна и ефикасна одбрана на обвинетите за кривични дела поврзани со семејно насилство.




Графикон бр. 40




Графикон бр. 41

Релативно високиот процент на одбивателни пресуди, кој вообичаено се среќава во помалку од 3% од набљудуваните расправи од страна на Коалицијата, во овие предмети се должи првенствено на високиот процент на повлечени предлози за кривичен прогон на сторителот од страна на жртвата, но и поради тоа што во еден помал дел од случаите на семејно насилство, истото е сторено поради непресметливост на сторителот, во кој случај истиот не може да биде прогласен за виновен, токму поради отсуството на свесност и волја за последиците. Така, покрај санкциите, со пресудата судот може да изрече и една или повеќе мерки на безбедност со кои треба да се парира на конкретна опасност од одредена карактеристика на обвинетиот, што во конкретните случаи е искористено во 22% од случаите, и тоа подеднакво по 11% изречени мерки задолжително психијатриско лекување во установа и 11% задолжително психијатриско лекување на слобода (графикон бр. 42).




Графикон бр. 42

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Генералниот и првичен заклучок кој може да се извлече од оваа анализа е во насока на поткрепа на веќе постоечките претпоставки и расположливи податоци за кривично-правниот одговор на семејното насилство. Впрочем, малиот број на правосилно завршени предмети во најголемиот основен суд во период од 5 години, како и малиот број на активни судски постапки за семејно насилство во 2020 година неминовно говорат во насока на тоа дека кај овој тип на криминалитет сѐ уште постои висока темна бројка и непријавување на случаите на семејно насилство.

- Поради тоа потребно е да се направат соодветни напори за охрабрување на жртвите да го пријават семејното насилство, како и да се работи на стекнување на доверба во државните институции и органите на прогонот од страна на жртвите.
- Согласно ова, државните органи, како и граѓанските организации и научни институции е пожелно да прават длабински истражувања на причините поради кои во пракса семејното насилство останува непријавено, со цел да можат соодветно да бидат адресирани детектираните проблеми, а со тоа да се постигне и одржливо и долгорочно намалување на темната бројка кај овој тип на криминал.

Надлежните институции прибираат исклучително мал број на податоци кои се однесуваат на нивното работење во полето на превенција и сузбивање на семејното насилство, кои ретко кога се десегрегирани во повеќе категории. Дополнително, различни органи користат различна методологија за обработка на податоците, па така е исклучително тешко да се направи споредба на податоците и перформансот на МВР, ЦСР, и јавните обвинителства во овие постапки, како и да се постигне соодветно следење на еден случај низ сите фази на постапката во надлежност на различните државни органи. Поради ова е многу тешко да се направат прелиминарни и базични истражувања за феноменолошките и етиолошките карактеристики на семејното насилство, како и да се направи попрецизно профилирање на сторителите и жртвите на семејното насилство.

- Неопходно е да се работи на унапредување на квантитетот и квалитетот на податоците кои надлежните институции и органи ги прибираат во поглед на своето работење од областа на

семејното насилство. Ваквите напори ќе придонесат не само кон подобрување на транспарентноста на органите, туку и ќе овозможат прецизно мапирање на проблематичните подрачја од аспект на појавата на семејното насилство, но и од аспект на перформансот на самите органи.

Иако Кривичниот законик во главно ги следи модерните трендови на дефинирање и санкционирање на семејното насилство, првенствено благодарение на неговото усогласување со Истанбулската конвенција во 2018 година, сепак потребно е унапредување на неговите одредби како би се постигнало целосно усогласување на кривичните одредби со одредбите од оваа конвенција, бидејќи КЗ сѐ уште не поставува оптимални услови за прогон на семејното насилство.

- Затоа, препорачливо е дополнително унапредување на одредбите од Кривичниот законик во насока на соодветно инкриминирање и дефинирање на сексуалното и психичкото семејно насилство, а особено во насока на воведување одредби кои го санкционираат и економското семејно насилство.
- Унапредување е потребно и на одредбите од КЗ кои се однесуваат на мерките на безбедност, поточно воведување на обврската за посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство предвидена кај заштитниот надзор, да биде воведена и како посебна мерка на безбедност која судот би можел да ја изрече самостојно или во комбинација со други мерки во ситуација кога не може да се донесе осудителна пресуда поради фактички пречки, односно непресметливост на сторителот.
- Согласно високиот процент на одбивателни пресуди поради повлекување на предлогот за кривичен прогон на сторителот, како и по мислењето на учесниците во работните групи, соодветно би било доколку се отпочне постапка за измени на КЗ со цел да се овозможи продолжување на кривичниот прогон на сторителот на семејно насилство во ситуација кога жртвата се откажала од предлогот за кривичен прогон во текот на постапката, особено доколку јавниот обвинител има доволно докази и основано сомневање дека истото е сторено поради присилување на жртвата од страна на сторителот.

Законот за кривичната постапка ги поставува основите за спроведување на целокупната кривична постапка и како таков е од исклучително значење за соодветната примена на стандардите за фер судење. Законот во голема мера ги исполнува овие критериуми, но сепак истиот не доволно прецизно ги регулира правата на жртвата, односно оштетениот во текот на главната расправа и начинот на кој истите можат да бидат реализирани.

- Потребно е да бидат разработени одредбите од ЗКП кои се однесуваат на правата на оштетениот односно жртвата да учествува во кривичната постапка, особено во поглед на правата за прибирање и предлагање на докази, како и директното и вкрстеното испитување на сведоците, како би се овозможило непречено учество на жртвите во постапките кога истите искажуваат волја за истото.
- Во насока на унапредување на примената на привремените мерки за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, како и поради потемелно усогласување на домашното законодавство со Истанбулската конвенција, потребно е

поврзување на привремените мерки за заштита со надлежностите на јавниот обвинител и судијата на претходна постапка, кривичниот совет и судечкиот совет, со це да се постигне нивно интегрирање во кривичните постапки, а со тоа и нивна зголемена искористеност, но и намалување на примената на мерката притвор на сметка на искористеноста на привремените мерки за заштита.

Координацијата на надлежните служби, особено МВР, ЦРС и јавните обвинителства е на незавидно ниво, особено кога станува збор за постапувањето во раните фази на постапката. Оваа некоординација често може да биде резултат на непознавањето на сопствените надлежности и надлежностите на останатите институции, непознавање на протоколите за постапување во случаите на семејно насилство, како и недоволно сензибилизирање на службениците во однос на постапување со жртви на семејно насилство и сузбивање на стереотипните сфаќања и предрасуди.

- Затоа е потребно да бидат вложени напори за зајакнување на координацијата и меѓусебното постапување на сите органи на државната власт во случаите на семејно насилство, првенствено преку користење на заедничка стратегија за интегриран пристап, како и усогласени активности и методологија на оперативно работење. Ваквите напори треба да бидат насочени првенствено преку градење на институционалните капацитети на надлежните институции во смисла на обезбедување на доволно материјални и човечки ресурси, како и креирање на стратешки и акциски планови за континуирано унапредување на работењето на надлежните органи.
- Од друга страна, неопходно е унапредување на свесноста и сензибилизирање на надлежните органи на индивидуално ниво, во смисла на градење на капацитетите на вработените преку разни обуки, првенствено на оние службеници кои први излегуваат на терен, како што се униформираните полициски службеници. На овој начин не само што би се подобрил третманот на жртвите во иницијалните фази на постапката, туку и би се зголемил процентот за ефикасно и ефективно спроведување на преостанатиот дел на кривичната постапка со минимални последици по жртвата, што во крајна линија ќе делува охрабрувачки за жртвите кои не го пријавиле семејното насилство, поточно ќе ја зајакне довербата на жртвите во надлежните институции.

Од аспект на демографските податоци е навистина тешко да бидат изведени некакви генерални заклучоци, имајќи предвид дека постојат големи варијации помеѓу податоците прибрани од различни извори и користејќи различни истражувачки методи. Ова во голема насока ја поддржува теоријата дека семејното насилство е навистина специфичен кривично-правен и социолошки феномен, чие феноменолошко и етиолошко профилирање и истражување е мошне комплексно и кој може да се јави во сите слоеви на општеството помеѓу сите категории на лица. Сепак, она што може да се издвои како стабилен индикатор е тоа дека сторителот на семејно насилство најчесто е маж од најголемата етничка заедница, на возраст помеѓу 30 и 40 години со средно образование, од урбана средина, додека пак жртвата најчесто е жена од истата етничка заедница, на иста возраст и од иста средина со еднаков или повисок степен на образование, кои најчесто се во постоечка или поранешна брачна или вонбрачна заедница.

- Имајќи предвид дека најчести жртви на семејно насилство се жените, државата мора да направи чекори за унапредување на правата на жените и намалување, како и целосно искоренување на доминатниот вид на родово базирано насилство врз жените- семејното насилство. Во оваа насока е неопходно да се работи на покренување на свеста на граѓаните за импактот кој семејното насилство го има врз целокупното општество, како и да се изготват специјализирани едукативни програми кои би ги таргетирале индивидуалните потреби и карактеристики на различните групи на граѓани со цел истите да бидат запознаени со сопствените права и начините на нивна заштита. Дополнително, потребно е државата да вложи максимални напори за унапредување на правата на жените и подобрување на нивната положба преку сузбивање на стереотипните сфаќања и предрасуди за положбата на жената во семејството како би се превенирала појава на насилство врз жени во семејството, но и би се охрабриле жените да ги заштитуваат своите права, без притоа да се чувствуваат стигматизирано или засрамено.
- Отсуството на деца жртви, како и жртви со физички или психички попречености во предметите опфатени во оваа анализа не смее да биде сфатено во насока дека овие лица не се наоѓаат во позиција на жртва на семејно насилство во нашата држава, особено доколку се земе предвид дека децата и лицата со попреченост се најранливите категории на лица кои се соочуваат со препреки и ограничени можности за практикување и заштита на своите права. Поради тоа, потребно е да бидат спроведени активности преку кои би се креирале механизми за соодветна заштита и поддршка на овие жртви на семејно насилство, со цел истите да бидат охрабрени да го пријават насилството. Дополнително, неопходно е да се унапредат капацитетите на надлежните органи за постапување со категории на лица со какви истите до сега немале искуство, како во смисла на индивидуалните капацитети и вештини на вработените лица, така и на самата материјална и техничка опременост на државните органи за справување со специфични категории на жртви на семејно насилство.

Судските постапки кои се однесуваат на случаите на семејно насилство во голема мера ги следат веќе детектираните трендови во останатите кривични постапки, што може да се протолкува како добра околност, бидејќи не постојат изразени отстапки кои би укажале на несоодветно постапување во постапките за семејно насилство, но и како лоша околност, бидејќи согласно тоа, постапките за семејно насилство не го добиваат соодветниот третман на постапување со должно внимание во најкус можен рок водејќи сметка за соодветна заштита на жртвата и почитување на правата на обвинетиот.

- Неопходно е унапредување на менаџментот и координацијата на судовите со останатите органи, со цел да се обезбеди непречен тек на кривичните постапки, минимизирање на одложените рочишта и максимизирање на искористеноста на одржаните рочишта со преземање на што поголем број на процесни дејства и со тоа да се постигне ефикасно и експедитивно решавање на овој тип на предмети.
- Генералните препораки кои се однесуваат на системскиот мониторинг на судските постапки во целост можат да бидат пресликани и во тематскиот мониторинг на судски постапки од областа на семејното насилство. Тоа пред сé значи унапредување на правата на ефективна одбрана, како и адверсаријалниот, контрадикторен елемент на акузаторната кривична постапка воведена со измените на ЗКП во 2010, која пред сé се однесува на можноста на одбраната да спроведува

собствена истрага, пристапот до доказите прибрани од страна на обвинителството, како и еднаквите можности за предлагање и презентирање на докази на самата главна расправа на начин на кој одбраната не би била доведена во понеповолна положба од обвинителството. Во насока на тоа потребно е спроведување на активности за зајакнување на капацитетите на судиите за практична имплементација на овие принципи на адверсаријална постапка, соодветна контрола над нивната примена во судницата, како и надминување на постоечката пракса и наследена традиција од инквизиторниот модел на кривична постапка изразена во партнерски однос на судот и јавното обвинителство.

- Потребно е да се спроведат обуки за сите учесници во кривичната постапка во насока на зајакнување на капацитетите за практична имплементација на стандардите за фер и правично судење согласно Европската конвенција за човекови права и нејзините толкувања од страна на Европскиот суд за човекови права, како и обуки за правата на обвинетиот, како и правата на жртвата во постапките за семејно насилство, особено во поглед на компатибилноста на овие права и начинот на нивна оптимална реализација.
- Потребно е да се зајакнат материјалните, технички, финансиски и човечки капацитети на јавното обвинителство за прибирање на докази во постапките за семејно насилство во поткрепа на обвиненијата, со цел да се убеди судот надвор од разумно сомневање за стореното кривично дело, но и да се избегне непотребно сведочење на жртвата и нејзино соочување со обвинетиот за семејното насилство. Во оваа насока, потребно е и зајакнување на координацијата и комуникацијата на јавното обвинителство со правосудната полиција и останатите органи, како и овозможување на непречен и брз пристап на јавните обвинители до базите на податоци на останатите институции, органи и тела, а кои се од значење за кривичната истрага.

Имајќи го предвид сé од горе наведеното, може да се заклучи дека се потребни организирани напори на државата и граѓанското општество, кои би го таргетирале проблемот на семејното насилство од повеќе аспекти, вклучувајќи истражувања во поглед на феноменологијата и причините за појавување на семејното насилство, истражувања за практичната примена и ефикасност на законските решенија за сузбивање и превенција на семејно насилство, како и активности насочени кон подигнување на свеста на целокупната јавност за последиците од семејното насилство, сериозноста на самата појава, дестигматизација на жртвите и сузбивање на стереотипите, придружени со активности за градење на капацитетите на надлежните органи, но и на самите граѓани во поглед на познавање на сопствените права и начините за заштита на истите.

